МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

# ШТИТ

Број **193**

Ноември 2025



ISSN 1857-6710

9 771857 671002

**Министерот Мисајловски на состанок на Северноатлантскиот совет на НАТО**

**Командата за операции го одбележа Денот на единицата**

**„ТАМНАВА“ 122/262мм**




# Министерот Миса
# на Северноатлантскиот

Во седиштето на НАТО во Брисел, министерот за одбрана Владо Мисајловски учествуваше на состанок на Северноатлантскиот совет на НАТО на кој присуствуваа министрите за одбрана на сите 32 земји сојузници.

На состанокот, министрите за одбрана се осврнаа на повеќе теми поврзани со безбедноста. Тие заеднички ја потврдија определбата за имплементација на обврските преземени на Самитот во Хаг во јуни оваа година, особено во контекст на интензивниот развој на способностите и капацитетите, како и во однос на инвестирањето во одбраната. Воедно, министрите се согласија дека Алијансата и земјите членки се целосно посветени на одбраната и одвраќањето, како и на заштитата на секоја педа од сојузничката територија.

Министерот Мисајловски даде целосна поддршка на напорите за зајакнување на способностите на Алијансата, истакнувајќи ја важноста регионот на Западен Балкан




# јловски на состанок
# совет на НАТО во Брисел

да остане мирен, стабилен и безбеден. Мисајловски порача дека нашата земја останува целосно посветена на придонесот кон колективната безбедност, имајќи го предвид придонесот во мисијата КФОР на Косово и учеството во рамките на мултинационалните сили на Алијансата во Бугарија, Романија и Латвија. Министерот Мисајловски, пред колегите од земјите членки порача дека македонската армија засилено се опремува и се модернизира и дека земјата има јасен план за раст на инвестициите во одбраната и безбедноста, во согласност со одлуките од Самитот на НАТО во Хаг.

На состанокот на Советот НАТО – Украина, на кој учествуваше и високата претставничка на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика, Каја Калас, земјите членки на НАТО ќе ја потврдат определбата за континуирана, долгорочна поддршка за Украина. Исто така, министерот Мисајловски, во Седиштето на НАТО учествуваше и на состанокот на контакт-групата за Украина. ■

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија



Главен и одговорен уредник
м-р Трајче Чатмов



Редакција:

Умит Рецепи
(технички уредник)



м-р Ксенија Митева (лектор)



Борче Лозановски (новинар)



Станка Петкова (новинар)

Печати:
„Фокус Принт Дооел“ – Скопје



„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит



14



20

# содржина

ШТИТ | година XVII | број 193 | ноември 2025

Инфо
**Конференција на Воениот комитет на НАТО во Рига, Летонија** ........ 6

Инфо
**Успешно реализирани два курсеви за односи со јавноста** ........ 12

Геополитика
**Развој на современ систем за противвоздушна одбрана во вооружените сили на Р. Хрватска** ........ 17

Вооружување
**Актуелни настани во НАТО (3)** ........ 20

Безбедност
**Значењето на војската во современите држави** ........ 22

Воена едукација
**Индивидуален инженерски алат (Втор дел)** ........ 26

Воена едукација
**„ПТКМ-1Р“: Најнапредната руска противтенковска мина** ........ 32

Вооружување
**Модуларен самооден ракетен лансирен систем „ТАМНАВА“ 122/262мм** ........ 36

Вооружување
**„РПГ-32“ – противтенковски вооружен систем** ........ 38

Вооружување
**Белгиски полуавтоматски пиштол „FN Five-seven“** ........ 40

Мапирање
**Карти за воена употреба** ........ 48

Право
**Моралот и правото во војната: Може ли војната да биде праведна?** ........ 52



40



50

ПИШУВА:

**м-р Трајче Чатмов**
Главен и одговорен уредник

# КОН ОВОЈ БРОЈ

## ВОВЕД

*Значајно за овој месец претставува учеството на министерот за одбрана Владо Мисајловски на состанокот на Северноатлантскиот совет на НАТО во Брисел, каде што беа разгледани најновите безбедносни предизвици и приоритети на Алијансата. Присуството и активната улога на македонската делегација уште еднаш потврдија дека Македонија е сигурен и доверлив партнер кој придонесува кон заедничката безбедност, стабилност и мир.*

*Изминатиот период беше исполнет со активности кои ја потврдија високата подготвеност, професионалност и сплотеност на припадниците на Армијата. Особено место во овој број му посветуваме на одбележувањето на Денот на Баталјонот за воздушно набљудување и јавување, единица што повеќе од две децении претставува клучен дел од системот за рано предупредување и контрола на воздушниот простор на државата. Со современи технологии, стручност и дисциплина, припадниците на овој баталјон се еден од столбовите на нашата безбедност и доверба во националните одбранбени капацитети.*

*Воедно ве известуваме за учеството на Извидувачко-разузнавачкиот баталјон на меѓународната вежба „Cambrian Patrol 25“ во Обединетото Кралство, каде што македонските извидници успешно ја демонстрираа својата подготвеност, издржливост и професионализам во конкуренција со повеќе тимови од земји членки на НАТО и партнери. Постигнатите резултати се потврда дека нашата армија е рамноправен дел од сојузничката заедница, препознаена по дисциплина, знаење и тимски дух.*

*Ноемврискиот број на списанието ги обединува токму овие приказни – приказни на храброст, знаење, посветеност и визија. Во него ќе ги прочитате сведоштвата на нашите извидници од Велика Британија, прилози од свеченостите и обуките во единиците, како и анализи за развојот на модерните системи за воздушно набљудување и комуникација.*

*Ноември е и време кога се сеќаваме на историските подвизи и генерациите што го трасираа патот кон нашата слобода и државност. Денес, тие вредности живеат во секој униформиран припадник на Армијата, во секоја мисија и задача што се извршува со срце, знаење и одговорност.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите
на надворешните соработници не ја
презентираат официјалната политика
или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

trajce.catmov@mod.gov.mk
borce.lozanovski@mod.gov.mk
stanka.petkova@mod.gov.mk




# Конференција на Воениот комитет на НАТО во Рига, Летонија

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, учествуваше на редовната Годишна конференција на Воениот комитет на НАТО (MCC), која се одрж во Рига, Република Летонија.

На Конференцијата присуствуваа началници на генералштабови од земјите членки на НАТО, како и високи претставници на Алијансата, меѓу кои претседавачот на Воениот комитет, адмирал Џузепе Каво Драгоне, врховниот командант за операции (SACEUR), генерал Алексус Гринкиевич и врховниот командант за трансформација (SACT), адмирал Пјер Вандиер.

Генералот Лафчиски ја потврди посветеноста на Република Северна Македонија кон зајакнување на колективната одбрана и стабилноста во регионот, како и континуираната поддршка за Украина. Тој истакна дека земјата ќе продолжи со учество во активности за одбрана на источниот дел на Алијансата и ќе вложува во унапредување на својата оперативна подготвеност преку модернизација на Армијата и преку обука.

Во контекст на актуелните безбедносни предизвици, генералот Лафчиски ја изрази цврстата солидарност со Полска и Естонија во врска со неодамнешните кршења на нивниот воздушен простор од страна на Руската Федерација. Тој оцени дека овие дејства претставуваат сериозно нарушување на меѓународното право и закана за регионалната безбедност и за Источното крило на НАТО и даде поддршка за сите мерки што НАТО ги презема за да обезбеди колективна безбедност.

Работните сесии се фокусираа на имплементацијата на одбранбените планови, поддршката за Украина, како и адаптацијата на Алијансата кон новите безбедносни предизвици и технологија.

Конференцијата заврши со заедничка прес-конференција на претседавачот на Воениот комитет, адмирал Џузепе Каво Драгоне и началникот на Генералштабот на Националните вооружени сили на Република Летонија, генерал-мајор Каспарс Пуданс.

Воениот комитет се состанува во формат на началници на генералштабови (MC/CS) два пати годишно (во јануари и во мај), во седиштето на НАТО во Брисел.

Дополнително, еднаш годишно, една од земјите членки е домаќин на специјална конференција на која повторно се собираат сите 32 началници. Во текот на годината можат да се свикуваат и вонредни состаноци, доколку се процени дека е потребно. Воениот комитет се состанува за да дискутира за операции, мисии, вежби, способности на НАТО и други релевантни теми. Неговата главна улога е да му обезбеди на Северноатлантскиот совет неограничен консензус, базиран воен совет за тоа како Алијансата најдобро да се справи со глобалните безбедносни предизвици. Секојдневната работа на Комитетот ја спроведуваат воените претставници на земјите членки, сместени во седиштето на НАТО во Брисел. ■








# Министерот за одбрана на Босна и Херцеговина во посета на нашата земја

Силно сме посветени на развојот на меѓусебната соработка во областа на одбраната, што е показател за довербата која е изградена помеѓу нашите две пријателски земји, заклучија министерот за одбрана Владо Мисајловски и неговиот колега, министерот за одбрана на Босна и Херцеговина, Зукан Хелез, на денешната средба во Министерството. Средбата се реализираше во рамките на официјалната посета на босанската делегација предводена од министерот за одбрана Хелез, на Министерството за одбрана.

Министерот Мисајловски порача дека и за двете земји најважна е безбедноста и стабилноста на регионот, укажувајќи на тоа дека „тоа е апсолутен приоритет, имајќи предвид дека без тоа не можеме да разговараме за развој на ниту една друга област, вклучувајќи ја и економијата.“

Мисајловски додаде дека земјава е целосно подготвена да ја поддржи Босна и Херцеговина во процесот на интеграција во НАТО, при што потенцираше дека „нашите две земји се пријателски и мора да се поддржуваат и да си помагаат во остварувањето на целта – подобро утре на нашите граѓани.“

Во однос на придонесот во ЕУ мисијата АЛТЕА во Босна и Херцеговина, Мисајловски ја потврди нашата посветеност, информирајќи дека во моментов во оваа операција има 33 македонски припадници.

Исто така, двајцата министри ја посетија Воената академија и присуствуваа на првиот академски час. Мисајловски рече дека вклучувањето на повеќе питомци од Босна и Херцеговина во новата класа на Академијата е „јасен показател за нашите искрени намери во градењето партнерства и за тоа дека заемната доверба е на највисоко ниво – од нашата понуда за школување, до вашиот интерес нам да ни ја доверите одговорноста да ги креираме идните лидери на вооружените сили на Босна и Херцеговина.“

Министерот Хелез се заблагодари за школувањето на питомците од Босна и Херцеговина на Воената академија и за придонесот на македонскиот контингент во мисијата на Европската Унија во Босна и Херцеговина. Министерот се осврна и на интеграцијата во Европската Унија, за која порача дека е исклучително важна за нашите две земји.

На првиот академски час се обрати и деканот на Воената академија, полковникот Ненад Танески, кој на питомците им порача дека „униформата која ја носите е симбол на чест, доверба и служба кон татковината и кон регионалната безбедност и мир“, укажувајќи дека средбата во ист состав, по четиригодишното образование, кога питомците ќе бидат промовирани во потпоручници, ќе биде најдобрата потврда за заедничкиот успех.

На средбата, министрите разговараа и за соработка во доменот на наменската индустрија, како и за користење на полигонот „Криволак“, кој е значаен капацитет на македонската армија.

Во Министерството за одбрана, освен средбата на двајцата министри, беше реализирана и средба на двете делегации на која присуствуваше и началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски.



# Командата за операции го одбележа Денот на единицата

Припадниците на Командата за операции (КО), на 17 Октомври во касарната „Боро Менков“ во Куманово, со воена свеченост го одбележаа Денот на КО.

На свеченоста, на најголемата команда на оперативно рамниште во Армијата, пред присутните се обратија министерот за одбрана, Владо Мисајловски, началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски и командантот на КО, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски.

Во своето обраќање генералот Лафчиски истакна дека Командата за операции претставува столб на Армијата, потенцирајќи ја нејзината примарна мисија – постојано да ги подготвува конвенционалните копнени и воздухопловни сили за одбрана и заштита на територијалниот интегритет и независноста на татковината. Навраќајќи се на подготвеноста на КО, генералот Лафчиски истакна: „Подготвеноста на вашите потчинети единици се должи на тоа што тие постојано се обучуваат и извежбуваат. Вие се грижите постојано да ги држите вашите единици во состојба на највисока психофизичка, морална и ситуациона подготвеност, преку учество на голем број вежби и обуки во земјата и во странство“.

Министерот Мисајловски рече дека „припадниците на Командата секојдневно покажуваат професионалност, мотивираност и посветеност“, додавајќи дека најголем дел од припадниците на Командата го зајакнуваат Источното крило на Алијансата во мултинационалните сили во Романија, во Бугарија и во Латвија и се вклучени во справувањето со последиците од елементарните непогоди во земјава.

„Оваа одговорност, вие ја исполнувате во целост, оправдувајќи ја нашата целосна доверба, а ние постоиме за да ви ги овозможиме најдобрите услови и најмодерната опрема“, рече министерот. Тој, исто така, информираше дека одбранбениот буџет ќе продолжи да расте.

„Продолжуваме следната година и наредните години со уште позасилено темпо да обезбедуваме повеќе средства и да обезбедуваме многу проекти за модернизација за целата единица", заклучи министерот.

Командантот на КО, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски, во своето обраќање нагласи дека во годината кога одбележуваме пет години од полноправното членство во НАТО, сведоци сме на забрзана модернизација на Армијата, со што даваме соодветен придонес кон напорите на Алијансата за создавање на капацитети во функција на одвраќање од потенцијално загрозување на суверенитетот и безбедноста, не само на нашата држава, туку и на која било друга членка на НАТО.

Во рамките на свеченоста, за најдобра единица беше прогласен Извидувачко-разузнавачкиот баталјон. Дополнително, на припадниците на Командата кои покажале особени резултати во работењето, им беа доделени стимулативни мерки, а им беа врачени и признанија на цивилните институции и организации со кои соработува Командата. Соодветни признанија, како благодарност за нивниот придонес кон Армијата во текот на службата, им беа доделени и на припадниците на единицата кои во изминатиот период ги исполниле законските услови за пензионирање.

На свеченоста, покрај министерот за одбрана и началникот на Генералштабот, присуствуваа и заменикот на началникот на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин, директорот на Генералштабот, бригаден генерал Орце Јордев, претставник од кабинетот на претседателката, генералите во Армијата, поранешни команданти на оваа команда, претставници од воено-дипломатскиот кор и Командата на SEEBRIG, претставници од Министерството за одбрана и Генералштабот, пензионирани генерали, претставници од МВР и од локалната самоуправа, како и институции со кои соработува оваа команда. ■



# Примопредавање на должноста командант на КФОР

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, на покана од командантот на JFCNP, адмирал Стујарт Минч, присуствуваше на свечената церемонија по повод примопредавањето на должноста командант на мисијата „КФОР“.

Свеченоста се одржа во кампот „Film City“ во Приштина, каде што досегашниот командант, генерал-мајор Енрико Бардуани, му ја предаде должноста на генерал-мајор Озкан Улташ. Новоназначениот генерал Улташ доаѓа од позицијата генерален директор на Директоратот за технички услуги при турското Министерство за национална одбрана и е првиот командант кој по вторпат ја извршува оваа функција во НАТО мисијата „КФОР“.

Во рамки на посетата, генералот Лафчиски оствари средба со командантот на Регионалната команда „Запад“ (RC-W), полковник Лоренцо Манџиа, како и со припадниците на македонскиот контингент распоредени во оваа команда. За време на средбата со полковникот Манџиа беше истакната високата професионалност, посветеност и придонес на припадниците на Армијата во извршувањето на задачите, како и одличната соработка помеѓу нашата армија и КФОР.

На средбата со македонските мировници распоредени во RC-W, генералот Лафчиски се запозна со предизвиците со кои се среќаваат за време на извршувањето на нивните должности, а истовремено ги истакна нивната посветеност, професионалност и дисциплина.

Нашата армија е дел од мисијата „КФОР“ од ноември 2020 година. Во моментов, контингентот брои два вода распоредени во Регионалната команда „Запад“ и штабни старешини во Командата на мисијата во Приштина.





# Извидувачко-разузнавачкиот баталјон на „Cambrian Patrol 25“

Припадниците од Извидувачко-разузнавачкиот баталјон (ИР6), од составот на Командата за операции, учествуваа на еден од најпрестижните воени натпревари „Cambrian Patrol 25“ во Велика Британија и го освоија третото место и бронзен медал.

На армискиот натпревар, кој се смета меѓу најтешките во светски рамки и на кој се тестираат најдобрите и најиздржливите, тимот од ИР6 учествуваше заедно со уште 43 земји. На натпреварот, во неколку етапи кои се состојат од неколку фази, ренџерскиот тим долж теренот на Црните Планини на масивот Камбриан, помина повеќе од 70 км со целокупната опрема, индивидуална и колективна, и со ранец тежок околу 35 килограми. На тешко прооден терен, при лоши временски услови, успешно изврши околу 10 задачи (планирање, поминување преку контаминирано земјиште, поминување преку водена површина, извидување на цел, премин преку минско поле, медицинска евакуација, повик за оган, препад и дебрифинг). За секоја од овие постапки се добиваа поени.

Низ суровиот и тежок терен на Велс, со чест, дисциплина и непоколеблива волја, припадниците на ИР6 уште еднаш ја докажаа нивната ефикасност во извршувањето на дадените задачи. ■






# Денот на Баталјонот за воздушно набљудување и јавување

Во касарната „Страшо Пинџур" во Петровец се одржа воена церемонија по повод 15 Октомври – Денот на Баталјонот за воздушно набљудување и јавување (бВНЈ), од составот на воздухопловниот ВИНГ (вВИНГ).

На свеченоста присуствуваа командантот на 1. пешадиска бригада, бригадниот генерал Дејан Чиплаковски, командантот на вВИНГ, полковникот Драган Павловски, претставници од Министерството за одбрана, Генералштабот на Армијата, Командата за операции, началници на секции од вВИНГ и други гости и претставници од единиците на Армијата.

Во своето обраќање командантот на бВНЈ, потполковник Ќемал Џафери, изрази искрена благодарност за постигнатите резултати и упати честитки до припадниците на бВНЈ за нивната посветеност, несебичност и висок професионализам. Потполковникот Џафери го истакна значењето на активното учество на единицата во мисијата за воздушно патролирање, нагласувајќи дека таа претставува првата и најзначајна алка во рамките на единствениот и севкупен систем за противвоздушна одбрана. Тој ги потенцираше и клучните императиви за претстојниот период кои вклучуваат: успешно извршување на мисијата на единицата, одржување на високи стандарди во оперативното работење на Центарот за командување и контрола со воздушниот простор, континуирано усовршување на персоналот преку обуки во современи НАТО центри за набљудување на воздушниот простор, како и зајакнување на лидерството, моралот и единството во рамки на единицата.



Пред присутните се обрати и командантот на вВИНГ, полковник Драган Павловски, кој го нагласи значењето на 15 Октомври како историски симбол и предизвик за постојано унапредување на капацитетите на единицата. Тој истакна дека единицата низ годините континуирано ги гради и ги модернизира своите способности преку развој на капацитетите за командување и контрола со воздушниот простор и интеграцијата во НАТО системите за воздушна и ракетна одбрана. Исто така, полковникот Драган Павловски подвлече дека со новите воздухоплови и системите за противвоздушна одбрана и функционирањето на Центарот за командување и контрола, ќе се овозможи да го прошириме и да го приспособиме спектарот на нашите мисии и задачи, со цел да бидеме подготвени да го одбраниме територијалниот и воздушниот интегритет на нашата татковина и на нашите сојузници. Тој посочи дека овие достигнувања се резултат на тимска посветеност и дека одржувањето на високата борбена готовност останува клучен приоритет во обезбедувањето на суверенитетот на воздушниот простор на државата.

Во рамките на церемонијата беа прочитани честитки од командантот на Командата за операции, бригадниот генерал Мирче Ѓоргоски и од командантот на вВИНГ, упатени до Баталјонот по повод Денот на единицата. По тој повод, на дел од припадниците им беа врачени стимулативни мерки – признанија за нивниот придонес во служба на Армијата.

Со одбележувањето на овој значаен ден, уште еднаш се потврди посветеноста на Баталјонот за воздушно набљудување и јавување кон исполнување на највисоките национални и НАТО стандарди, јакнењето на оперативните способности и зачувувањето на безбедноста и суверенитетот на воздушниот простор на државата. ■



# Регионалниот центар за односи со јавноста ја продолжува својата мисија

## Успешно реализирани два курсеви за односи со јавноста

Единствениот НАТО акредитиран центар во земјава, Регионалниот центар за односи со јавноста (PARC), минатиот месец реализираше два НАТО сертифицирани курсеви - курс за односи со јавноста во меѓународни операции и курс за односи со јавноста, наменет за припадниците на командата на Бригадата на Југоисточна Европа (SEEBRIG).

На курсот за односи со јавноста во меѓународни операции, кој се реализираше од 29 септември до 3 октомври во просториите на Центарот (во касарната „Гоце Делчев" во Скопје) беа опфатени широк спектар на предавања и практични вежби со посебен фокус на начинот на кој се реализираат односите со јавноста во меѓународни мисии. Седумнаесетте учесници од осум сојузнички и партнерски држави (Словенија, Јордан, Катар, Норвешка, Украина, Полска, Словачка и Македонија), се здобија со сет на теоретски и практични знаења кои се од особена важност во споредувањето на односите со јавноста во мултинационална средина, во земји каде што Алијансата дава свој придонес во зацврстувањето на мирот и безбедноста.

Вториот курс беше организиран за персоналот на Командата на SEEBRIG и истиот е дел од повеќегодишната соработка помеѓу PARC и Бригадата. Од 13 до 17 октомври во седиштето на Командата во Куманово, 22 учесници од пет земји (Македонија, Турција, Грција, Бугарија и Романија) имаа динамична недела на обука, дизајнирана да ги подобри нивните комуникациски и медиумски вештини за ефикасна работа во мултинационална средина.

Двата успешно реализирани курсеви се дел од годишната програма на Центарот, кој по институционалната акредитација добиена од НАТО Алијансата во февруари, го зголеми своето реноме и својот придонес кон колективната безбедност. Центарот дава своја поддршка и во развојот на капацитетите за односи со јавноста и во партнерските земји, каде во соработка со Врховниот штаб на Здружената сојузничка команда на НАТО (SHAPE), ангажира мобилни тренинг-тимови кои реализираат специфично креирани курсеви за потребите на партнерските земји во различни региони во светот. ■



# Гаѓање со АП 7,62 мм

Гаѓањата со пешадиско оружје на рерзервните офицери и подофицери претставуваат приоритетни содржини во програмите за обука на Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија (ОРОРСМ). На овој начин членовиоте на Организацијата ги усовршуваат вештините со ракување и употреба на пешадиското оружје. Во тој контекст, на 20 септември 2025 година, врз основа на програмата за работа на ОРОРСМ и програмата за обука на членовите на Организацијата, а во согласност со упатството за гаѓање со пешадиско оружје, на стрелиштето на Армијата „Стенковец", во близина на село Визбегово, Скопје, се реализираше подготвително гаѓање со АП 7,62 мм на реден број 1.
На гаѓањето учествуваа 60 извршители (резервни офицери и подофицери) од ОРОРСМ од целата територија на Македонија. Поздравно обраќање до учесниците имаше претседателот на Градската организациона единица Скопје, Никица Бангиева, која им посака топло добредојде на учесниците, а потоа се обрати претседателот на ОРОРСМ, Драгољуб Столески, кој им посака успешно и безбедно реализирање на гаѓањето и добри резултати и притоа изрази благодарност до Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата за нивната логистичка поддршка во реализацијата на ваквите практични содржини. Исто така, во име на Армијата и Министерството за одбрана, учесниците ги поздрави поручникот Никола Јовановски од единицата „Ренџери", кој воедно беше и раководител на гаѓањето. Помошник-раководител на гаѓањето беше поручник Оја Али, Раководителот на гаѓањето ги запозна учесниците на оваа активност со мерките за безбедност на стрелиштето, како и со неопходните постапки при гаѓањето, како еден од условите за остварување на добри резултати, додека за дел од учесниците кои имаа потреба од дополнителна обука, истата ја изврши водник Александар Петров.



На гаѓањето беа остварени одлични резултати, од 60 извршители, една третина, односно 20 од нив беа оценети со „надминал стандард", додека 40 извршители или две третини беа оценети со „поминале". ■

# Кондиционо-едукативен марш

Во пресрет на државниот празник 11 Октомври – Денот на народното востание, на 4 октомври во Македонски Брод се одржа кондиционо-едукативен марш со учество на 55 учесници. Настанот беше реализиран во рамки на Програмата за работа и обука на ООЕ на ОРОРСМ, под организација на Зоран Толески и Љупчо Меноски, со поддршка од ОРОРСМ и градоначалникот на општината, г. Жарко Ристески. На маршот учествуваа и претставници од Кичево, Демир Хисар и Скопје, а активноста започна со посета на познатата пештера Пешна. Таму учесниците беа поздравени од



организаторите, а професорите Зоран Трпчески и Рате Савев одржаа кратки излагања за историското и природното значење на локалитетот. Пешна, како што беше истакнато, претставува значаен културно-историски споменик и природен феномен со најголем отвор на Балканот. Маршот продолжи од селото Долни Манастирец до Слатина, во должина од околу осум километри, низ живописниот предел покрај реката Треска. Настанот заврши со заеднички ручек и дружење во ООУ „Св. Климент Охридски" во Слатина, во духот на пријателството и почитта кон традицијата и историјата. ■

# Негување на традициите

На 6 октомври во село Кленоец се одбележа 82-годишнината од борбите на Кленоец на 5 и 6 октомври 1943 година, за одбрана на слободата територија на која претстојувал и Главниот штаб на НОВ и ПОМ. Битката на Кленоец во македонската историја е наречена уште и Втор Мечкин Камен или Македонска Кадињача. По тој повод членови на ООЕ на ОРОРМ од Кичево, предводени од претседателот на Републичката организација, Драгољуб Столески, реализираа марш до споменикот на стотината загинати борци и жители од село Кленоец и во нивна чест положија свежо цвеќе. Исто така, свежо цвеќе положија и на местото на загинувањето на 13-те млади партизани, исто во месноста Кленоец. ■





Пишува: Тони Мицевски



# МЕЃУНАРОДНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО НОВАТА ГЕОПОЛИТИЧКА РЕАЛНОСТ



Пишува: д-р Ненад Танески

Кризите, конфликтите и војните што моментално беснеат ширум светот, покажуваат колку длабоко се промени геополитичкиот пејзаж последниве години. Соперништвата помеѓу големите сили повторно станаа главен интерес на истражување за меѓународните односи и меѓународната безбедност. Со војните во Газа, во Украина, конфликтот помеѓу Иран и Израел, дополнително се влошува глобалната поделба и геополитичката реконфигурација, вклучително и поместување кон нов светски поредок.

Сведоци сме на преобликување на глобалниот финансиски поредок, како и на инвестициските и трговските модели. Трговските и инвестициските текови веќе се менуваат на начини што навестуваат дека глобалната економија може да биде поделена на два блока, како на пример, Кина сега тргува повеќе со глобалниот Југ отколку со Западот. Западните демократски држави во голем дел имаат влијание за оваа ситуација. Изминатите четири децении на Кина активно и беше олеснет економскиот подем, создавајќи го најголемиот ривал со кој некогаш се соочиле западните сојузници. Денес Кина се гордее со најголемата морнарица и крајбрежна стража во светот и отворено ја предизвикува западната доминација над глобалниот финансиски систем и во меѓународните институции. Всушност, Кина работи напорно за да изгради алтернативен светски поредок, гледајќи се себеси во центарот.

Кога станува збор за создавање алтернативен светски поредок, сегашната глобална средина исполнета со конфликти може да работи во корист на Кина. На крајот на краиштата, токму војната го создаде глобалниот поредок предводен од САД, вклучувајќи ги и институциите што го поткрепуваат, како што се Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка и Обединетите нации. Реформирањето на овие институции се покажа како многу тешко во мирно време. Ова секако важи и за ОН, кои се чини дека сè повеќе се маргинализирани во меѓународните односи. Сè посилниот застој во Советот за безбедност на ОН предизвика

поголема одговорност да се префрли на Генералното собрание на ОН, кое беше принудено да усвои резолуција за војната во Газа со која се повикува на „хуманитарно примирје“ и крај на израелската опсада. Но, Генералното собрание е фундаментално слабо и, за разлика од Советот за безбедност, неговите резолуции не се правно обврзувачки.

Освен глобалното преуредување што се чини дека го предизвикува кинеско-американското ривалство, можни се важни регионални промени. Продолжениот конфликт во Газа би можел да покрене геополитичка реорганизација на Блискиот Исток, каде што речиси секоја голема сила, освен Египет, Иран и Турција, е конструкција од 20 век, создадена од Западот. Израелската војна веќе ја зајакнува геополитичката улога на Катар кој е богат со гас и ги финансира милитантните исламисти, вклучувајќи го и Хамас. Доколку конфликтот се прошири надвор од Газа, геополитичките импликации би биле уште пошироки.

Што и да се случи следно, Украина може да биде меѓу најголемите губитници. Како што призна украинскиот претседател Володимир Зеленски, војната во Газа делумно го одзема фокусот од борбата на неговата земја против Русија во време кога Украина тешко може да си дозволи забавување на западната помош. Сепак, повеќе сили и трендови, вклучувајќи ја сè помилитаризираната економија на Русија, застојот на растот на Кина и растечката економска тежина на глобалниот Југ, ги прават сè поверојатни фундаменталните промени во меѓународниот поредок. Во меѓувреме, светот се бори со растечка нееднаквост, растечки авторитаризам, брз развој на трансформативни технологии како што се вештачката интелигенција, деградацијата на животната средина и климатските промени.

Иако е невозможно да се знаат деталите, фундаменталното глобално геополитичко ребалансирање сега изгледа речиси неизбежно. Спектарот за одржлив судир меѓу Западот и неговите ривали, особено Кина,



Русија и исламскиот свет, не е намален. Рускиот претседател Владимир Путин го прими севернокорејскиот диктатор Ким Џонг Ун во Восточни, новиот руски вселенски центар во источен Сибир. Поради неговата нелегална агресивна војна во Украина, на Путин сè помалку има сојузници и муниција. Космодромот „Восточни“ има проблематична историја. Наменет да го замени објектот Бајконур во Казахстан, неговата изградба беше оптоварена со постојани одложувања и обвинувања за корупција и лошо управување. Сега ретко се користи, иако од овој космодром беше лансирана познатата мисија „Луна-25“, која на 19 август 2023 година се урна на Месечината.

Руско-севернокорејските односи имаат слична позадина. Некогаш врската меѓу Кремљ и режимот на Ким беше тесна, а комунистичка Северна Кореја беше во суштина советска творба и со децении во голема мера се потпираше на советската поддршка. Но, после распадот на Советскиот Сојуз, руските лидери видоа дека повеќе добиваат од развивањето односи со Јужна Кореја, која беше во подем. Кремљ ефикасно ја смени страната, приклучувајќи се кон неуспешните меѓународни напори да се спречи развојот на нуклеарно оружје. Но, сега, ситуацијата повторно се промени. Обидот на Путин да ја избрише Украина од картата на Европа ја направи Русија сојузник со Северна Кореја. Повеќето од развиените економии во светот потпишаа сеопфатни санкции против Русија, а Генералното собрание на ОН издаде неколку резолуции со кои се осудува агресивната војна на Путин. Многу мал број на држави застанаа на страната на Русија: Еритреја, Сирија, Никарагва, Белорусија, Мали и, се разбира, Северна Кореја. Во меѓувреме, многу земји кои се воздржаа од овие гласања во ОН сè повеќе ги искажуваа своите забелешки на војната во Украина. На пример, во септември 2023 година, на Самитот на Г20 во Њу Делхи, конечната заедничка декларација вклучуваше јасна потврда на принципот на територијален интегритет, очигледна референца на руската агресија и погрешно замислените стратешки цели на Кремљ.

Русија очекуваше брза победа кога ја започна својата војна во февруари 2022 година, но руските сили оттогаш изгубија приближно половина од она што го заседоа за време на првичната инвазија. Денес тие се заглавени и се борат со демократската украинска држава која е решена да ја брани својата слобода. Под овие услови, кога на Русија и се потребни сите пријатели што може да ги добие, Северна Кореја одеднаш повторно е на страната на Кремљ. Со своето темелно милитаризирано општество и изобилство на резерви од стара советска артилериска муниција, режимот на Ким изгледа како спас за нестабилните воени напори на Русија. Затоа Путин немаше друг избор освен да му „простира црвен тепих“ на севернокорејскиот диктатор. Иако деталите од договорот „Восточни“ ќе останат неоткриени, слободно може

да се претпостави дека Русија доби муниција во замена за најразлични основни производи што очајно ѝ се потребни на Северна Кореја, а не само храна и енергија. Без разлика на деталите, нема сомнение дека овој договор ги крши санкциите на Советот за безбедност на ОН против Северна Кореја кои првично беа воведени со руска поддршка.

Сведоци сме на појава на земји обединети во нивната подготвеност да го прекршат меѓународното право со започнување војни, развивање нуклеарно оружје и кршење на санкциите. На оваа листа е вклучен и Иран, од каде што Русија набавува „камикази" дронови со кои напаѓа украински градови и цивили. Но, посегнувањето и барањето помош од земја како што е Северна Кореја, е знак на голема слабост. Кина и Индија можеби не ја осудуваат отворено руската агресија, но ниту ја поддржале, ниту направиле многу за да и помогнат на Русија во воените напори. Каква и да е поддршката што Белорусија, Еритреја, Сирија или Мали можат да ја понудат, тоа нема да и помогне на Русија да ги постигне целите на таканаречената специјална воена операција во Украина.

Сепак, продлабочената соработка помеѓу овие држави предизвикува нови ризици за регионалната стабилност и глобалниот поредок. На пример, ако Русија ѝ обезбеди на Северна Кореја технологии што ѝ се потребни за да ја унапреди својата ракетна или нуклеарна програма, тоа сигурно ќе има последици за безбедноста на Североисточна Азија. Русија и Северна Кореја можеби не успеваат во своите вселенски напори, но нивното кршење на санкциите и правилата сигурно ќе има дестабилизирачки ефект врз меѓународниот поредок.

Контурите на една нова и опасна ера се поставени. Светот полека преминува во нова студена војна која има сличности со претходната, но и нагласени разлики. Студената војна од 20 век претставуваше победа и неуспех, војна и депресија, идеологија, комунизам и демократија. Новата студена војна носи помалку идеолошки багаж, како резултат на децении мир во Европа и во Азија и прекрасен период на економски и научни достигнувања. Успехот на глобализацијата на просторот после Студената војна избледе и го оживеа натпреварот меѓу големите сили. САД и Кина, двете суперсили, се соочуваат во натпреварот на векот, а обидот да одржат рамнотежа помеѓу соработката и конкуренцијата ќе ги спречи да западнат во конфликт. Во минатото неврзаните нации се обидуваа да бидат што е можно подалеку од биполарната поделба, во потрага за индивидуални придобивки од тогашниот Советскиот Сојуз и САД. Денес светот е мултиполарен, а државите за секое прашање кое е поврзано со нивната меѓународна безбедност мора да изберат страна и секојдневно да донесуваат нови одлуки.

Централната рамнотежа на меѓународната моќ во овој век ќе биде поставена во Индопацифичкиот регион како најважниот геостратегиски регион во светот, каде што глобалната конкуренција е најостра и најзначајна. Двете најголеми економии во светот се во постојана борба, дури и кога работат заедно во областа на економијата, а главниот предизвик со кој се соочуваат е конкуренцијата во ерата на меѓузависност. Во свет на ограничена деглобализација, големите сили ги оградуваат своите виталните индустрии, науката и минералите, а геоекономијата ќе стане меркантилистичка и протекционистичка.

Денес Кина има сериозни показатели да биде светска технолошка суперсила, како водечка земја во 57 од 64 технологии кои ги опфаќаат одбраната, вселената, енергијата, животната средина, вештачката интелигенција, биотехнологијата, роботиката, сајберпросторот, компјутерските науки, напредните материјали и квантнате технологија. Западните сојузници се соочуваат со сериозен технолошки предизвик.

Сајбер-нападите и вештачката интелигенција е местото каде што денес Студената војна беснее непрекинато. Борбеното поле е сива зона, постојан, сеприсутен дигитален конфликт на кражби, шпионажи, малициозен софтвер, дезинформации и фалсификати. Нуклеарната закана е посложена и помалку предвидлива, а Русија ја актуелизираше заканата, повторувајќи дека ќе употреби нуклеарно оружје во Украина. Пекинг е со бројна состојба близу 1000 нуклеарни боеви глави, во споредба со околу 200 боеви глави во 2019 година. Министерството за одбрана на САД денешницата ја опишува како нова нуклеарна ера на брзо модернизирање и проширување на нуклеарните арсенали, со отворени закани дека ќе употреби нуклеарно оружје за да се постигнат одредени цели.

Вселената е воена оперативна област каде што сателитите внесоа револуција во разузнавањето и војувањето, овозможувајќи секој сантиметар од Земјата да биде видлив, а светот се наоѓа на пресврница во судирот помеѓу демократијата и автократијата. Ако во минатото посредничките војни се одвиваа во Азија, денес посредничката војна меѓу САД и Кина е во Европа. Во денешни услови Студената војна ја има истата цел како и во минатото, а тоа е да го држи под контрола натпреварот меѓу суперсилите за да се избегне конфликт од светски размери. ■





# РАЗВОЈ НА СОВРЕМЕН СИСТЕМ ЗА ПРОТИВВОЗДУШНА ОДБРАНА ВО ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА Р. ХРВАТСКА



Пишува: д-р Златко Кузманов

Последните две години Р. Хрватска забрзано инвестира во модернизација и опремување на нејзините вооружените сили (ВС), што можеше да се види од презентираната воена техника на неодамнешната воена парада во Загреб, во месец јули 2025 година. Нејзините издвојувања за одбрана во 2025 година ќе го достигнат целното ниво од 2% од БДП. До 2027 се планира буџетот за одбрана да се зголеми на 2,5%, со цел до 2030 година да достигне 3% од БДП, од чија сума за опремување и модернизација би биле потрошени 42% од буџетот. Насоките за интензивен развој на ВС се дефинирани и во најновиот Долгорочен план за развој на Вооружените сили на Р. Хрватска 2025–2036 година.

Ќе истакнеме дека Р. Хрватска, како членка на ЕУ, умешно ги користи и заедничките европски инструменти за финансирање на способностите и инфраструктурата, вклучувајќи ги механизмите за заедничка набавка во рамките на Европскиот одбранбен фонд. Владата во месец август 2025 година донесе одлука да аплицира за кредит од 1,86 милијарди евра од SAFE механизмот на ЕУ (Safe Action for Europe), кој претставува фонд со вкупен износ од 150 милијарди евра. SAFE кредитот е доста поволен и служи за поддршка на модернизацијата на армиите на државите во ЕУ. Главницата од кредитот стигнува за наплата по 10 години од користењето на кредитот. Р.Хрватска, планира со овој кредит да набави германски тенкови „Леопард 2А8“, самоодни хаубици „Цезар“ од Франција, современ систем за противвоздушна одбрана (ПВО), набавка на дронови и друга воена техника и опрема.

Бидејќи целта на овој труд е да анализираме за поставеноста и опременоста на системот за ПВО во ВС на Р. Хрватска, во продолжение подетално ќе се задржиме на овој многу значаен дел од ВС. Ќе започнеме со насоките и визијата кои се дадени во погоре споменатиот Долгорочен план за развој на вооружените сили на Р. Хрватска 2025–2036 година. Имено, во конкретните поглавја е наведено дека ќе се „развиваат и нови способности во областа на набљудувањето на воздушниот простор и ќе има модернизација на радарскиот систем, на ПВО и нив-

на интеграција во НАТО системот за ПВО. Заради развивање на целиот систем на интегрирана ПВО, во првата фаза ќе се продолжи со набавка и воведување во употреба на систем за ПВО, вклучително и од среден дострел. Проектот за набавка на беспилотни системи и нивно воведување во оперативна употреба, во согласност со модерните побарувања за војување, е почеток на континуиран процес на опремување на ВС со беспилотни воздухопловни системи од различни видови за време на целиот период на спроведување на ДПРО." За да се постигне тоа што е наведено во „ДПРО 2025-2036", ќе елаборираме какви борбени системи за ПВО поседуваат ВС на Р. Хрватска и какви современи системи ќе бидат набавени во блиска иднина.

Од постарите системи за ПВО, во едниците на ВС на Р. Хрватска се наоѓаат следните:

1. Самоооден противвоздушен топ 20/3мм „М 55 А4/М1" на оклопно возило. Максималниот дострел му е до 5.500 м, со брзина на гаѓање на сите три топа од 1.950 до 20.250 зрна во минута.
2. Самоооден противвоздушен ракетен систем „SLRS „Стрела-10CRO/A1", за лансирање на ракети од оклопно возило. Користи ракети „9М31" и „9М37М", со борбен комплет од 8 ракети. Дострелот на овој систем е до 5.000 м, а во висина до 3.500 м.
3. Се претпоставува дека Р. Хрватска поседува и одреден број на американски преносни противвоздушни ракетни системи „FIM 92 Stinger" со максимален дострел од 4.800 м, а во висина до 3.800 м.
4. Преносен противвоздушен ракетен систем „9К310 Igla (SA 16)". Максималниот дострел на овој ракетен систем е до 5.000 м, а во висина до 2.500 м.

Нови системи за ПВО:

1. Преносен противвоздушен ракетен систем на мали височини „Мистрал 3" од француско производство. Максималниот дострел на ракетата е 7.000 м, а во висина до 4.000 м. Ракетата поседува ифрацрвен трагач, отпорен на попречување. Ракетата е ефикасна е и против цели со мал топлински одраз, како што се беспилотните летала и ракетите. Овој систем за ПВО веќе е нарачан и се очекува да и биде испорачан на Р. Хрватска до крајот на 2025 година.
2. Современ ракетен систем за ПВО „SAMP/T" со дострел за средни далечини до 120 км, а во височина до 20 километри. Системот е произведен од француско-италијанската компанија „Eurosa", конзорциум формиран од „MBDA Missile Systems" и „Thales". Системот се состои од борбено возило со лансер на ракети, радар со дострел до 200 км и команден центар. Може да користи ракета „Астер 30", со брзина од 4.5 маха, која детонира во близина на целта, со што и се зголемува ефикасноста. Преговорите помеѓу МО на Р. Хрватска и на Р. Франција се завршени и се очекува до крајот на 2025 година да биде потпишан договор за набавка. Една батерија за ПВО со 6 вакви системи ќе чини околу 500 милиони евра.
3. Во текот на 2025 година, МО на САД одговорило позитивно на барањето на МО на Р. Хрватска, за набавка на современ повеќенаменски ракетен систем за ПВО „HIMARS M142" (High Mobility Artillery Rocket System) со голем дострел од 80 до 480 километри. Хрватска планира да набави 8 вакви системи со 394 ракети „М30 А2", во вредност од 300 милиони долари. Се очекува испораката да се реализира до крајот на 2028 година. Се работи за повеќенаменски ракетен систем, што значи дека може да користи контејнери-лансери за лансирање на ракети за дејство по цели на копно, но и лансери со ракети за дејство по цели во воздушниот простор (авиони, хеликоптери, ракети, дронови и друго).
4. Дрон „Бајрактар ТБ2", од Турција. Наменет е за извидување и борбени мисии. Може да лета без да престане до 27 часа, на височина до 6.000 метри. Набавени се 6 вакви дронови во вкупен износ од 90 милиони евра. Покрај дроновите со камери и оружје, пакетот вклучува командно-контролен центар, симулатор за обука, станица за следење и контрола, копнени станици за податоци, почетен сет на резервни целови за 4000 часа лет, целата потребна опрема и алат за одржување, гаранција од 2 години или достигнување на 4.000 часа летање, престој на турски експерти во Хрватска во период од 2 години, обука во Центарот за обука во Турција и транспорт на целиот пакет во Хрватска.
5. Дрон „Скајларк 1" (Skylark-i-Lex ), произведен од изралеската компанија „Elbit Systems".



„Скајларк 1“ е современ дрон, кој може рачно да се пренесува или да се пренесува со возило. Наменет е за тактичко разузнавање и за надзор и откривање на цели (ISR-Intelligence, surveillance, target acquisition). Може да оперира во воздух до 3 часа, со дострел до 40 километри.

6. Дрон „Камкоптер С-100“ (Camcopter S-100“ или Umanned aerial vehicle - UAV) , произведен од компанијата „Schiebel“ од Австрија. Наменет е за надгледување на брегот и на поморскиот сообраќај. Може да остане во воздух од 6 до 10 часа, се движи со брзина од 220 км, а на височини до 5.500 метри. Набавката е извршена со посредство на Европската агенција за поморска безбедност.
7. Дрон „Орбитер 3“, произведен од израелската копмпанија „Aeronautics“. Наменет е за извидување, има автономија на лет до 7 часа, со максимален радиус на лет од 150 километри.
8. Дрон „Хермес 450“, произведен од израелската копмпанија „Elbit“. „Хермес 450“ е повеќенаменско, извидувачко и борбено беспилотно летало од средна големина. Може да извршува долги тактички мисии, задржувајќи се во воздухот до 20 часа и може да носи товар до 40 килограми.
9. FPV-дронови „MRM-2 Interceptor“ (Пресретнувач). Извидувачки и камикази FPV

(First Person View/radio control) дронови, произведени од хрватската компанија „Орка“ од Осиек. ВС на Хрватска нарачале голем број на вакви дронови во вредност од 10 милиони евра. Оваа брзорастечка хрватска копанија, во соработка со естонската компанија „Lendurai“, успеала да произведе квалитетни FPV-дронови (електрониката и сензорите ги произведува компанијата „Орка“, додека софтверските решенија на дронот ги произведува естонската фирма). Компанијата „Орка“ соработува и со украински фирми за производство на дронови. Малку е познато дека нивните дронови веќе се користат во армиите на Франција, САД, Индија и Саудиска Арабија. Во 2024 година, „Орка“ ја откупила и швајцарската фирма „ImmersionRC“, со што уште повеќе се позиционира во индустријата на производство на FPV-дронови. Во 2024 година, „Орка“ потпишала договор со турската компанија „Бајрактар“ за користење на дроновите „Бајрактар ТБ2“, како носачи на нејзините FPV-дронови.



Интегрален дел на системот за ПВО претставува и воздушното наведување, јавување и извидување (ВНЈИ). ВНЈИ се остварува со користење на софистицирани радари, без кои е незамисливо неговото успешно функционирање. Армијата на Р. Хрватска, од 2000 година поседува 5 американски радари „FPS-117“ за цивилно-воена намена со дострел од 450 км, а во височина до 30 километри. Тоа се тридимензионални радари за набљудување во воздухот, со активно електронско скенирање на L-појасот (бранови должини помеѓу 7,5 и 5 мм). Распоредени се на пет локации на територијата на државата, во дивизион за воздушно набљудување и наведување. Овој дивизион е одговорен за набљудување на воздушниот простор во целиот спектар на височини. Три негови радари се вградени во системот на Хрватската контрола на воздушната пловидба, која ги користи нивните податоци 24 часа дневно.

За воздушно набљудување и наведување на брегот на Јадранското Море, ВС на Хрватска користат радари „GEM SC-205XS“ од италијанско производство. Во 1999 година купиле и 4 набљудувачки радари „Enhanced Peregrine” или „Falcon II “од американската копанија „Metric Systems Corporation” од Флорида за набљување на брегот, меѓутоа заради технички проблеми овие радари не се ставени во целосна оперативна употреба.

Во „ДПРО 2025-2036 година“ е наведено дека ќе се изврши модернизација на радарскиот систем „FPS-117“ и наградба на борбениот комуникациски систем. Постоечкиот радарски систем ќе се унапреди со воведување на мобилен пасивен систем за набљудување на воздушниот простор, со што ќе се зголеми флексибилноста и отпорноста на системот, ќе се зголеми можноста за обработка на податоци, ќе се подобри автоматското препознавање на закани и ќе се намали потребното време за реакција. Во согласност со овие насоки во „ДПРО 2025-2036 година“, Владата на Р. Хрватска донела одлука во 2026 година да се изврши модернизација на петте радари „FPS-117“, за чија намена биле одобрени средства во износ од 45 милиони евра.

Може да заклучиме дека системот за ПВО во ВС на Р. Хрватска се развива во сите три гранки на ВС, а хрватското воздухопловство ќе биде носител на интегрираниот систем за ПВО кој, исто така, ќе биде интегриран и во системот за ПВО на НАТО.

Со набавката на современ повеќенаменски ракетен систем за ПВО „HIMARS M142“, ВС на Р. Хрватска ќе добијат нова способност која досега ја немале и доколку е потребно, ќе можат да спроведуваат прецизни и ефикасни ракетни удари на средни и големи далечини на цели на копно и во воздушниот простор. ■




# АКТУЕЛНИ НАСТАНИ ВО НАТО (3) ОДВРАЌАЊЕ И ОДБРАНА НА АЛИЈАНСАТА

## (Одбранбени инвестиции, отпорност, дезинформации, подморска инфраструктура)



Пишува: полковник Драган Павловски

Реалноста во безбедносното опкружување на Европа предизвика итно решавање на одбранбените инвестиции на Алијансата. На Самитот на НАТО во Велс во 2014 година беше усогласено трошењето во одбраната од страна на сите сојузници, кое беше регулирано до 2% од нивниот бруто-домашен производ. Од тие средства најмалку 20% беа планирани расходи за нова опрема, вклучувајќи го истражувањето и развојот. Овие 2% од бруто-домашниот производ понатаму станаа минимум средства во буџетите на одбраната. На самитот во Мадрид во 2022 година, сојузниците ја потврдија нивната посветеност за инвестиции во одбраната. Дополнително, за време на Самитот на НАТО во Вилнус во 2023 година, лидерите на држави и влади ја препознаа важноста од продолжување на инвестирањето во одбраната со исполнување на нивните обврски и доделените цели на одбранбени способности. Беше потврдено дека во многу случаи сојузниците ќе треба да трошат повеќе од 2% од бруто-домашниот производ за одбраната.

Важноста на ресурсите според новите одбранбени планови и Моделот на сили на НАТО се едни од главните двигатели за операциите на НАТО, мисиите и останатите активности. Во 2023 година, сојузниците продолжија да го зголемуваат своето одбранбено трошење, а трошоците се зголемија реално за 11% во однос на 2022 година. Во 2023 година 11 сојузници го исполнија минимумот за трошење 2% за одбрана од нивниот бруто-домашен производ, а на почетокот на 2024 година ова бројка се зголеми на 18 членки на НАТО. Притоа, вкупните воени трошоци на Алијансата во 2023 година се проценува дека изнесуваа околу 1,1 трилиони американски долари. Забрзаното инвестирање на сојузниците го зајакнува одвраќањето и одбраната на Алијансата, ја подобрува подготвеноста, распоредливоста, одржливоста и интероперабилноста на сојузничките сили. На Самитот на НАТО во Хаг во 2025 година, лидерите се согласија секоја година до 2035 година да ги зголемуваат трошоците за одбрана и безбедност до 5% од својот БДП, со цел нациите да ги исполнат индивидуалните и колективните обврски. „Воените сили се неопходни за да се заштити нашата безбедност. Но, тие не се доволни. Силни општества и робусни економии се нашата прва линија на одбрана. Значи, ние мора да ги обезбедиме синџирите на снабдување и критичната инфраструктура" – истакна генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг на Нордискиот самит во Хелсинки, Финска, на 28 февруари 2023 година.

Отпорноста е клучен елемент на Алијансата и на нејзините партнери за одвраќање и одбрана. Во 2023 година сојузничките лидери се согласија да усвојат сет на цели за отпорност, кои ќе помогнат да се зајакне подготвеноста на НАТО и на сојузниците против стратешки шокови и нарушување. Помеѓу другото, со нив ќе се обезбеди континуитет на владата и нормална реализација на основните услуги кон граѓаните, давање поддршка од цивилните институции и цивилни експерти во делот на отпорноста за време на мир, криза и конфликт. Во националните планови за градење отпорност на општеството, како најосновни потреби треба да ги вклучиме: инфраструк-

турата и транспортот, енергетскиот и комуникацискиот систем, здравјето и снабдувањето со храна и вода.

Во текот на 2023 година, НАТО продолжи да ги поддржува сојузниците и партнерите со приспособени тренинзи и вежби за заштита на критичната енергетска инфраструктура. Истата година беше реализиран Симпозиум за отпорност, коорганизиран од Меѓународниот штаб на НАТО и Сојузничката команда за трансформација. Домаќин на настанот беше Владата на Летонија, со учество на повеќе од 250 сојузнички и партнерски цивилни и воени лидери, креатори на политики и експерти за отпорност. Овој годишен настан им овозможи на учесниците да ги споделат своите гледишта, да ги разменат најдобрите практики и да ги зајакнат постоечките односи. НАТО и Европската Унија ја проширија својата соработка преку формирање Работна група за отпорност на критичната инфраструктура, овозможувајќи им да одговорат на повеќекратните меѓусекторски закани. Од посебна важност е да се подобри енергетската ефикасност и да се забрза транзицијата кон извори на енергија со низок јаглерод, во насока на разбирање и приспособување на влијанието на климатските промени врз безбедноста, инвестирање во чиста енергетска транзиција и искористување на зелените технологии.

НАТО разоткрива големи случаи на дезинформации. Непријателските информации може да влијаат врз одлучувањето на граѓаните, ја поткопуваат демократијата, создаваат несигурност, ги продлабочуваат поделбите помеѓу сојузниците и партнерите и ја слабеат Алијансата. Поради тоа НАТО континуирано ја анализира информациската средина за да разбере за што зборуваат луѓето, што слушаат и што читаат. Се обидува да ја вклучи публиката директно, обезбедувајќи точни информации во нејзините јавни комуникации. Се работи на зајакнување на отпорноста на општествата против непријателските информативни кампањи, преку развивање мрежа на партнери со истомисленици, со меѓународни организации, индустријата, невладини и медиумски организации, како и платформите за социјални медиуми, граѓанското општество и академијата. Преку целокупниот општествен пристап, НАТО се обидува да одигра клучна улога во спротивставувањето на манипулацијата со странските информации и со надворешното влијание.



**Подводна инфраструктура.** Цевководите и каблите го поврзуваат светот и се критични за глобалната економија. Настаните за саботажа на северниот гасовод во 2022 година, оштетување на балтичкиот цевковод и телекомуникациските кабли во 2023 година, прекин на сообраќајот од оптичките интернет кабли коишто ги поврзуваат Финска и Германија, односно Литванија и Шведска во 2024 година, ја истакнаа потребата да се обезбеди критичната подморска инфраструктура на Алијансата. Во таа насока се преземаат чекори да се одговори на заканите поставени кон таквата инфраструктура.

НАТО ги засилува патролите во Балтичкото Море после оштетувањето на подводната инфраструктура во регионот. Засилените мерки вклучуваат дополнителни летови за надзор и извидување, вклучително и со поморски патролни авиони, како и беспилотни летала. Генералниот секретар беше домаќин на тркалезна маса на високо ниво во врска со критичната подморска инфраструктурна мрежа помеѓу НАТО, сојузниците, приватниот сектор и другите релевантни актери. Сојузниците се согласија да формираат Поморски центар на НАТО за безбедност на критичната инфраструктура во рамките на Сојузничката поморска команда на НАТО во Нортвуд, Обединетото Кралство. Центарот ќе има цел да ја зголемува свесноста за ситуацијата и да придонесува за одвраќање и одбрана во поморскиот домен. ■





# ЗНАЧЕЊЕТО НА ВОЈСКАТА ВО СОВРЕМЕНИТЕ ДРЖАВИ

Пишува: м-р Ксенија Митева

Во стабилните, демократски системи и отворени општествени системи, институционалната и нормативната заштита се ограничува на темелните правила на однесување од кои зависи соживотот во одредена заедница. Безбедноста и општествената стабилност не се условени само од ефикасноста на државните механизми, туку и од карактеристиките на самиот систем.

Секоја држава воспоставува и организира сопствен безбедносен систем, соодветен на нејзините потреби и моќ, а врз основа на индивидуалното право на самоодбрана. Според тоа, одбраната и заштитата отсекогаш претставувале основна и една од највиталните функции што ги решавала државата, бидејќи надворешната и внатрешната стабилност биле основен предуслов за обезбедување сестран стопански и општествен развој за зголемување на благосостојбата на државата и на граѓаните.

Безбедносниот сектор има надлежност да употреби или да нареди употреба на сила, задржување и притвор, заштита на државата и на нејзините граѓани, како и на оние цивилни структури коишто се одговорни за надзор и управување со безбедносниот сектор. Во него се вклучени полициски и воени сили, разузнавачки служби, гранични единици, царински служби, судски систем и парламент.

Хетерогената организираност на безбедносниот систем, неговата функција, задача и улога подразбира вклучување на голем број субјекти, организации, кадровски потенцијал, опрема и технички средства. Реализирајќи ги своите редовни дејности, тие овозможуваат остварување на основните цели на безбедносниот систем. Субјектите, или носителите на системот за безбедност, се нераскинлив дел од целокупниот одбранбено-безбедносен систем на државата. Истите имаат права, должности, своја организација, соодветна опрема и технички средства за реализација на целите и задачите во сферата на безбедноста. Еден од основните носители на безбедносните системи, односно на одбранбените системи во современите држави, се вооружените сили (како синоними се употребуваат и термините воена организација, армија, војска). Затоа, сите земји во светот, без разлика на нивното внатрешно уредување,

на степенот на нивниот општествен развој, времето и просторот на кој егзистираат, создаваат и издржуваат одбранбени системи и организираат подготовки за одбрана и заштита.

Споредбено со минатото, денес практиката потврдува дека воената сила повеќе се користи за смирување на внатрешни кризни жаришта отколку за потребите на надворешната одбрана. Оттука призлегуваат и потребите за трансформација на војската, со цел приспособување кон современите потреби.

Современите војски им служат на националните држави за одбрана на суверенитетот,територијалниот интегритет, независноста и уставниот поредок. Тие биле и сè уште се олицетворение на националната свест и волја.

Денешните војски својот континуитет и развој го започнале пред повеќе од шеесет години, односно такви какви што се денес, се резултат на искуството од Втората светска војна и се

плод на повоениот период, како во организациска така и во структурална смисла.

Структурата на денешните војски, исто како и нивната организација, зависи од многу фактори, како од надворешни така и од природни и општествени. Новите улоги ја менуваат врската помеѓу цивилите и војниците и, исто така, бараат поголема интеграција, заменливост и концентрација на техничките/менаџерските вештини во вооружените сили. Овие случувања наметнуваат нови барања од војниците, особено во однос на софистицираните технички знаења и вештини, со цел да се искористат предностите од технологијата, поттикнати од револуцијата на воените односи и во однос на напредни вештини за донесување на одлуки, комуникација, соработка и менаџерски барања генерирани од новите мисии.

Континуираното зголемување на степенот на усовршување на оружјето во современата епоха, како и потенцирањето на објективните предности кои се должат на самата организација, упатуваат на постоење на тенденција на рапидно зголемување на надмоќноста во однос на невооружените сили во општетсвото.

Денешните војски во својата структура имаат од неколку десетици до неколку стотици различни воени специјалности. Спектарот на средствата и на опремата, нивното одржување, ракување и употреба наложува создавање нови специјалности. Од класичната употреба на војската остана само поделбата на војската на видови, родови и служби. Но, нивната содржина е радикално различна, бидејќи станува збор за испреплетени структури.

Затоа, задоволувањето на приоритетите денес, државите во светот ги насочуваат кон постојано надградување на воената моќ, која е една од параметрите за силна држава, бидејќи со современиот степен на цивилизациски развој, сепак, војската претставува неизбежна институција на секоја држава.

Значење на војската во современите држави, во стабилните, демократски системи и отворени општествени системи, во институционалната и нормативната заштита, се ограничува на темелните правила на однесување од кои зависи соживотот во одредена заедница.

Безбедоста и општествената стабилност не се условени само од ефикасноста на државните механизми, туку и од карактеристиките на самиот систем.

Секоја држава воспоставува и организира сопствен безбедносен систем, соодветен на нејзините потреби и моќ, а врз основа на индивидуалното право на самоодбрана. Според тоа, одбраната и заштитата отсекогаш претставувале основна и една од највиталните функции што ги решавала државата, бидејќи надворешната и внатрешната стабилност биле основен предуслов за обезбедување сестран стопански и општествен развој за зголемување на благосостојбата на државата и за задоволување на потребите на граѓаните, кои се основна цел за развој.

Војската, како најдржавотворна институција, уште од своето формирање претставува основа и заштитник на слободата, мирот и интергритетот на државата. Атрибутот на „бранители на татковината" дава чувство на сопствена ексклузивност кај војниците, како и посебен тип на војничка култура и војничко достоинство, различно од она што се среќава кај цивилната популација.

Оттука произлегува дека војската е „најдржавна“ институција во секое општество.

Широкото отворање на вратите на модерните национални армии за припадниците на различни општествени слоеви, доведе до ситуација во една институција од ваков вид да се најдат луѓе коишто ги обединува различно социјално потекло, различен етницитет и политички интереси. ■





# Етичко лидерство и влијанието на подофицерот врз културата на единицата



Пишува: главен наредник Горан Ќирковиќ

**Обликувањето на етичките основи и организацискиот идентитет**

Во секоја модерна армија постои единствено ниво на лидерство кое ја формира основата на секојдневните операции, дисциплината и довербата, а тоа е подофицерскиот кор. Но, во рамките на оваа витална структура, постарите подофицери , оние кои се поставени на ниво на баталјон и повисоко, поседуваат стратешка предност, оперативно искуство и лично влијание за длабоко да го обликуваат етичкиот карактер и културата на нивните единици. Овие главни подофицери (ГПОФ) се повеќе од чувари на стандардите – тие се етички лидери и градители на културата во единицата.

Улогата на постарите подофицери никогаш не била поважна бидејќи армиите се соочуваат со нови оперативни ситуации и средини, менување на генерациските очекувања и растечка етичка комплексност. Етичкото лидерство не е слоган , тоа е секојдневна посветеност на моделирање на вредностите, спроведување на одговорност и градење доверба на сите командни нивоа.

**Разбирање на етичкото лидерство кај подофицерите**

Етичкото лидерство е практика на водење преку пример и начин што се совпаѓа со јасен и конзистентен сет на вредности – чест, интегритет, одговорност, праведност и почит. Во воен контекст, тоа се протега понатаму: на спроведување на законски и морални наредби, заштита на благосостојбата на подредените и соочување со неетичко однесување преку храброст и јасност.

Високите подофицери ги отелотворуваат овие принципи, не само декларативно, туку и во практика. Тие се сврзното ткиво помеѓу намерата на командантот и извршувањето на мисијата од страна на војниците, помеѓу институционалните вредности и секојдневната реалност на припадниците на единицата. За разлика од офицерите кои често ротираат, главните подофицери често имаат подолг стаж во своите единици, што им овозможува да градат континуитет и да влијаат на подлабоките текови на организациската култура.

**Главниот подофицер на баталјон: Чувар на етиката и културата**

На ниво на баталјон, главниот подофицер ја има можеби најинтимната точка на гледање во културата на единицата. Додека командантот на баталјонот води операции и стратегија, ГПОФ е меѓу војниците и подофицерите, набљудувајќи го однесувањето, слушајќи ги предизвиците и грижите и корегирајќи го курсот по потреба. Тука етичкото лидерство добива конкретна форма.

Главниот подофицер на баталјонот е чувар на моралниот „компас“ на единицата. Тој е сигурен дека командирите не ги компромитираат вредностите во потрага по перформанси, дека војниците се третираат со достоинство и дека дури и најмладиот персонал се чувствува дека е разбран. Тој ги зајакнува стандардите, но не како казна, туку како средство за зачувување на професијата војник.

Важно е што ГПОФ служат како советници, но не само на командантот, туку и на офицерите и подофицерите. Тие даваат искрени повратни информации кога се појавуваат етички слепи точки. Тие, секоја амбиција ја претвораат во перспектива. Тие служат како жив пример за доследност, реалност, припадност и отпорност.

### Поставување на тонот: Главни подофицери на бригада и повисоки нивоа

Како што се зголемува рангот така се зголемува и влијанието. Главните подофицери на ниво на бригада и повисоко носат дополнителна одговорност за обликување, не само на климата на една единица, туку и на етичкиот тон на целата формација. Главните подофицери се стратешки лидери кои развиваат политика, влијаат на распределбата на ресурсите и служат како пример во повеќе подредени команди.

Тие, исто така, се одговорни за откривање на етичката ерозија, пред таа да стане системска, предизвикувајќи токсични култури, застапувајќи се за професионален развој и менторство на следната генерација лидери. Нивното присуство во кадровски совети и командни тимови гарантира дека етичките проблеми се земаат предвид во сите одлуки, од унапредувања до дисциплински мерки.

Без разлика дали се работи за бригада или повисоко, главниот подофицер честопати е оној којшто е најдоверливата личност во деликатни моменти, без разлика дали се работи за несоодветно однесување на социјалните медиуми, реагирајќи на инциденти и соочувајќи се со предрасуди. Тие помагаат во спроведувањето на културата каде што војниците знаат дека етичките прекршувања ќе бидат адресирани, но во ниеден случај нема да бидат игнорирани.

### Заеднички карактеристики на културата и етичкото лидерство

Културата на единицата не е статична – таа еволуира преку влијание, пример и повторување. Еден етички стабилен главен подофицер може да трансформира токсична средина во



здрава. Слично на тоа, рамнодушноста на врвот може да го еродира моралот и да го нагризе интегритетот на секое ниво.

Затоа главните подофицери мора да останат видливи, гласни и водени од вредности. Тие треба да бидат присутни на секој кадровски совет за унапредување, да учествуваат во советување на војници, (бригада и повисоко), да посетуваат касарни и да се вклучуваат во теренски вежби, но не само за да спроведуваат стандарди, туку и да ги моделираат. Културата не е она што е напишано во стандардните оперативни процедури (СОП), тоа е она што се наградува. Главните подофицери ги обликуваат сите три.

Влијанието е кумулативно. Првиот подофицер во четата, инспириран од примерот на баталјонскиот или бригадниот ГПОФ, најверојатно ќе ги всади истите вредности кај првите подофицери во водовите, кои потоа ги пренесуваат на командирите на тимовите и така натаму. Етичкото лидерство не е позиција, тоа е навика што се шири.

### Етичко лидерство во акција: Невидливите победи

Ефектите од етичкото лидерство секогаш не се мерат во награди или оценки за подготвеност. Тие се наоѓаат во потивки моменти: кога војникот се чувствува доволно безбедно да пријави несоодветно однесување, кога помлад подофицер одлучува да проговори или кога командирот признава грешка наместо да ја прикрива. Ова се невидливите победи на силен подофицерски кор воден од вредности.

На пример, главниот подофицер на баталјон кој забележува однесување во нема почитување, кај командирите на средно ниво може да интервенира со целно менторство и развој на лидерството. Главен подофицер на бригада, кој се залага за транспарентност во евалуациите и дисциплинските постапки, може да ја врати довербата во одлуките на командата. Овие дејства можеби нема да бидат јавни, но тие можат да менуваат животи и го зачувуваат интегритетот на единицата.

### Задржување на културата

Карактерот на единицата не е запишан во документи или стратешки планови – тој се гледа преку однесувањето, донесувањето одлуки и преку дејствата на луѓето во единицат, а зад сето тоа стојат главните подофицери. Преку етичко лидерство тие го обликуваат она што е вистински значајно. Тие се пример за храброст кога е полесно да се молчи. Тие градат единици каде што довербата и почитта не се аспирации, туку реалности. И, правејќи го тоа, тие обезбедуваат македонската армија да биде ефикасна и чесна.

За Армијата да ги исполни барањата на иднината, мора да продолжиме да инвестираме, да ги оспособуваме и да учиме од оние кои отсекогаш воделе од фронтот – нашите главни подофицери. ■



# ИНДИВИДУАЛЕН ИНЖЕНЕРСКИ АЛАТ (Втор дел) (ОД АРХАИЧНО ДО СОВРЕМЕНО ВОЈУВАЊЕ)



Пишува: Виктор Крстевски

Тактичките секири се наменети за користење како ладно оружје и алат уште од нивното настанување во палеолитскиот период (првите камени секири со засек се смета дека настанале во мезолитскиот период пред 6000 години). Првата воена употреба на секирите е забележана помеѓу 700-600 година пр.н.е. за време на етруската ера, што е потврдено од записот на Аувеле Фелуске од Ветулонија. Војничката секира, како дел од стандардната воена опрема, започннала да се користи од страна на римските војници кои во римскиот сарцин (roman sarcina – вид на римски војнички ранец) носеле мала секира наменета за изработка на засолништа, огништа и утврдувања. Во суштина, намената на војничката секира останала непроменета и за време на Првата и на Втората светска војна, како и во останатите војни, вклучувајќи ја и војната во Виетнам каде што е забележано дека е често употребувана. Во претходната ЈНА (Југословенска народна армија), војничката секира спаѓа во инжиненерски алат кој е составен дел од индивидуалната војничка опрема (Приручник командира оделења, Инжињерски алат, страница 263). Во современото војување при воените интервенции во Ирак и во Авганистан доаѓа до значителна употреба на тактичките воени секири со кои е опремен најмалку еден припадник во четричлениот борбен тим. Првичната намена на тактичките секири во современото војување е да се употребуваат како алат за пробивање и расчистување на препреки, како алтернативна замена на потребите за пробивање и расчистување кои ги извршуваат тимовите за пробивање (Breaching team), кои најчесто делуваат во состав на помали единици (специјални единици) при изведување на упад во објекти итн. Тактичките секири, покрај основната намена се користат и за изработка, утврдување и маскирање на борбени позиции, изработка на засолништа и огништа, изработка на стапици за фаќање на дивеч, замена за цепин (Ice axe) при движење и качување по карпест и заледен терен, замена за кука за јаже при качување со јаже (Grappling hook) и друго. Во Ирак и во Авганистан, тактичките секири се користат за разбивање на врати и прозорци, за отстранување на ролетни, правење на влезни и излезни отвори во ѕидови на објекти, како и за отвори во ѕидови наменети за пушкарници, потоа за развлекување и пресекување

на бодликава жица итн. Тактичките секири можат да се користат како ладно оружје во блиска борба, иако ваквото користење е помалку ефективно во однос на користење на борбените ножеви (бајонети и тактички ножеви), бидејќи позиционирањето и носењето на секирите го отежнува брзото молскавично вадење и донесување во позиција за борба, што не е случај со борбените ножеви, додека манипулацијата на мал простор со тактичките секири е отежната поради нивното дејствување преку удар со замавнување и поради неможност за дејство преку бодење, што не е исклучок кај борбените ножеви.

Како најидеален облик кој овозможува ефективна употреба на тактичките секири е земен обликот на секира на северноамериканските Индијанци „томахавк" (зборот води потекло од „Powhatan Tamahaac", што во превод значи да се сече со алатка. Во Виетнамската војна, како дел од програмата „Иницијатива за брзо насочување" (Rapid Fielding Initiative program), бил дизајниран виетнамски тактички „томахавк", познат како „VTAC", (VTAC- LaGana Tactical Tomahawk, Military National Stock Number (NSN) 4210-01-518-7244, Class code 9), како дел од комплетот за преживување и спасување од класа 9 (види, списание Штит, бр.180, Војувалиште - поле на преживување, Планирање и опрема, страница 20). Како дел од модуларниот сет за пробивање и упад, со секирата „томахавк" се опремени и возилата „Страјкер". Користењето на „томахавк" во Авганистан е забележано кај припадниците на 172. страјкер бригада (172nd SBCT Team), 2. пешадиска дивизија од Форт Луис (2nd Infantry Division of Fort Lewis), извидувачките водови од 2. одред „CARON" (Recon Platoon in the 2-183d CAV) и кај борбените тимови од 116. пешадиска бригада (116th IBCT).

Користењето на тактичката секира „томахавк" за време на воената интервенција во Ирак се спомнува и од најпознатиот американски снајперист, припадник на единицата СЕАЛ/SEAL, Крис Кајл, во неговата книга „Американски снајперист", според која е снимен и истоимениот филм (Christopher Scott Kyle, American sniper).

Моментално на пазарот постојат повеќе модели на военотактички секири, чијашто цена се движи од 50 до 1000 долари, а како посебно интересни модели би ги издвоил моделите на:

- **American Tomahawk LaGana Tactical Tomahawk (VTAC) – модел конструиран од**

Питер Лагана, кој повеќе од 40 години, почнувајќи од Виетнамската војна, се користи како дел од опремата на американскиот војник низ останатите воени конфликти и ангажирања на америкнската војска, што е потврда за ефикасноста на самиот дизајн (ист ваков модел користи и авторот на текстот, за чијшто квалитет и употребливост може да се пишува и од лично искуство). Овој модел е



изработен од високо јаглероден кован челик 1060, со цврстина од 52-54 Rc, премачкан и заштитен со црна боја против корозија, во вкупна должина од 355 мм и тежина од 453 грама. Рачката е изработена од ST- modified nylon, додека футролата е изработена од Kydex со LBE/LBV, MOLLE и има можност за прикачување и носење на тактички ремен или елек. Цената на овој модел на пазарот е околу 170 долари, а се произведува и од страна на компании те за производство на ножеви „SOG", „CRKT", „Cold Steal" и други по прифатлива цена од околу 50 долари.

- **Extrema ratio axe** – воjничка секира произведена од италијанската компанија за ножеви „Extrema ratio", која започнала со работа 1996 година, сместеана во Прато, Тоскана во Италија и се карактеризира со производство на широк спектар на војнички ножеви и секири за најразлични намени (борбени, за преживување, воени итн.) со врвен меѓународно признат квалитет. Компанијата „Extrema ratio" е официјален снабдувач со војнички ножеви и секири на „Comsubin" (Comando Raggruppamento Subacquei e Incursori или Команда на група за нуркачи и напаѓачи), италијанска морнаричка специјална единица каде што тактичката секира е развиена за потребите на GOI (Gruppo Operativo Incursori – Оперативна група на морнарички командоси).

„Extrema ratio axe" е изработена од висококвалитетен Böhler H690 челик, со цврстина од 650 HRC, премачкана со антикорозивна заштита според таканаречениот „dark stone finish", со вкупна должина од 374 мм, должина на сечилото од 80 мм, дебелина од 6,3 мм и тежина од 777 грама.Рачката е изработена од материјал G10, додека футролата е изработена од „Kydex" со MOLLE-систем за прикачување на тактички ремен или елек. Конструкција на секирата е во облик на „томахавк" кој претставува комплексно мултифункционално дизајнерско решение кое се одликува со глава на секира која овозможува сечење и делкање, шилест заден клинест дел кој овозможува копање, пробивање, закачување и влечење. На истиот заден дел преку посебен начин на утврдување може да се прикачи чекан кој се одвојува. Долниот дел од рачката завршува во форма на латинска буква „V", наменет да се користи како пајсер за отворање на врати на објекти и возила при пробивање, додека двата „V" краци се наострени од внатрешната страна и овозможуваат ефикасно сечење на ламарина на објекти и неоклопни возила или воздухоплови. Цена на пазарот на секирата „Extrema ratio" е околу 770 евра. ■



# Еволуцијата на воената доктрина во дигиталната ера

Воената доктрина – системот на идеи, стратегии и правила што ги насочуваат вооружените сили во подготовка и водење на војна, низ историјата секогаш се менувала во согласност со технолошкиот напредок. Денес, во дигиталната ера, таа доживува една од најголемите трансформации досега. Новите технологии како вештачката интелигенција, кибернетичката безбедност, автономните системи и сателитската комуникација, го менуваат самото значење на војувањето.

## Од класична стратегија до дигитална супериорност

Во минатото воената моќ се засновала врз физичка доминација – бројност на војска, огнена моќ, контрола на теренот. Меѓутоа, денес, дигиталниот простор стана подеднакво важен, а во некои случаи и поважен од физичкото бојно поле. Современите армии вложуваат милијарди за развој на сајбер-одбранбените капацитети, за системите за електронско извидување и за алатки за информатичко војување.

Сајбер-нападите можат да ја парализираат инфраструктурата на една држава, без ниту еден истрел. Примери од последните години покажуваат дека дигиталните операции честопати претходат на физички напади, создавајќи хаос и дезинформации. Така, доктрината повеќе не е ограничена на воените линии – таа се проширува во областа на податоците, мрежите и информациските системи.

## Вештачката интелигенција и автоматизацијата на одлуките

Вештачката интелигенција (ВИ) претставува нова револуција во воената мисла. Современите системи можат да анализираат огромни количини податоци за многу кратко време, предвидувајќи можни сценарија и препорачувајќи тактички потези. Ова ја намалува потребата од човечка интервенција и го забрзува процесот на донесување одлуки. Меѓутоа, тоа отвора и низа етички и безбедносни прашања. Колку може да се има доверба во алгоритмот? Кој ја сноси одговорноста доколку автономна машина направи фатална грешка? Новата воена доктрина мора да ги дефинира границите на употребата на ВИ и да осигура дека човечкиот фактор останува центар на одлуките.

## Сајбер-просторот како ново бојно поле

Денес, сајбер-просторот е признат како петта димензија на војување, покрај копното, морето, воздухот и

Пишува: Ј. П.

вселената. Војните повеќе не се водат само со оружје, туку и со кодови, вируси и мрежи.

Државите развиваат специјализирани единици за сајбер-одбрана, способни да ги откријат и да ги спречат дигиталните напади, но и да изведуваат офанзивни операции против непријателски цели. Одредени операции имаат цел не само да ја уништат инфраструктурата, туку и да влијаат и врз јавното мислење преку дезинформации и психолошки операции.

Сајбер-доктрината денес се фокусира на одвраќање преку дигитална отпорност, што значи градење системи кои се тешко пробојни, но и брзо се поправаат после напад.

## Информациската војна и борбата за вистината

Во дигиталната ера, контролата на информациите е подеднакво важна како и контролата на територија. Социјалните мрежи, медиумите и „онлајн" платформите станаа главни арени за влијание, пропаганда и манипулација.

Современата воена доктрина ги интегрира овие аспекти преку концептот на „информациско војување". Ова опфаќа ширење на селективни информации, создавање лажни вести, па дури и симулација на јавни движења. Целта е да се поткопа моралот, да се дестабилизира непријателот и да се создаде конфузија.

Истовремено, одбранбените стратегии вклучуваат проверка на факти, дигитална едукација и брзо демантирање на дезинформациите. Војната за вистината стана исто толку реална колку и онаа на терен.

## Дигиталната ера и новиот концепт на хибридна војна

Една од најзначајните промени во воената доктрина е појавата на хибридната војна – комбинација на класични воени методи и дигитални стратегии. Овој модел ја „замаглува" границата помеѓу војната и мирот. Наместо отворена агресија, државите користат економски притисок, сајбер-напади, пропаганда и политичко влијание.



Хибридната војна се базира на идејата дека непријателот може да се ослабне без директна конфронтација. Таквата стратегија бара нови пристапи за разузнавање, координација меѓу воените и цивилните институции, како и флексибилна организациска структура која може брзо да реагира на променливи услови.

## Заклучок

Еволуцијата на воената доктрина во дигиталната ера претставува премин од физичка кон информациска и технолошка доминација. Новите технологии, не само што го менуваат начинот на водење војни, туку и самото разбирање на безбедноста, суверенитетот и одбраната.

Во иднина, најмоќните армии нема да бидат оние со најголем број тенкови или авиони, туку оние што најдобро ќе управуваат со податоците, што ќе ги штитат своите мрежи и кои ќе можат да ја обликуваат реалноста преку информации.

Војната во дигиталната ера не се води само со оружје, туку и со интелигенција, алгоритми и способност за адаптација. ■



# 11 Окто
# Ден на народ



# мври
# ното востание





# „ПТКМ-1Р“: Најнапредната руска противтенковска мина



Пишува: Александар Стојчевски

Руската армија е вооружена со противтенковски мини од повеќе типови. Неодамна овој арсенал е надополнет со нов производ: „ПТКМ-1Р“. Мината била развиена пред неколку години, а по потребните тестови била пуштена во употреба. Фотографиите споделени на социјалните мрежи од страна на украинските сили прикажуваат „ПТКМ-1Р“, што значи дека овие мини сега се користат во Украина.

Оваа мина, без сомнение, е најнапредната руска противтенковска мина. Главната карактеристика на „ПТКМ-1Р“ (руски: Противотанковая противокрышевая мина) е што таа за разлика од конвенционалните противтенковски мини има способност за напад на горниот дел на оклопното возило. Горниот дел на тенкот или на друго оклопно борбено возило обично е опремен со потенок оклоп од предниот или од страничните, па оттука горниот дел речиси секогаш е најранливиот дел на оклопното возило.

Мината „ПТКМ-1Р“ била развиена во средината на 2018 година по налог на Министерството за одбрана. Извршител на работата била фабриката „Нижни Новгород, Г.И. Петровски“. Првите фази на проектот се реализирани со потребната тајност, а подоцна биле откриени главните карактеристики на дизајнот на новата мина, принципот на нејзината работа и дел од карактеристиките на изведбата, но не биле прецизирани роковите за завршување на сите потребни работи и за влез на „ПТКМ-1Р“ во служба на руската армија. Потоа изгледот на новата мина почнал да се прикажува на военотехнички изложби, прво на домашните, а првата демонстрација на странски настан се одржала во декември 2021 година, како дел од египетската одбранбена изложба „EDEX 2021“.

„ПТКМ-1“ е високо експлозивна противтенковска мина со кумулативно експлозивно полнење за борба против непријателските оклопни возила со напад од горе. Таа користи голем број интересни решенија кои и овозможуваат да се позиционира како паметна мина. Таа е во состојба да открие и идентификува цели, како и селективно да ги нападне потребните објекти. Во овој случај целите се погодени во радиус од неколку десетици метри од местото на поставување. Сите овие карактеристики и способности во голема мера го зголемуваат потенцијалот на мината и ја поедноставуваат организацијата на минските полиња со потребната ефикасност.

Однадвор, мината е слична на некои други руски мини. Главните елементи се поставени во централната единица, на чие дно се фиксирани осум ногарки со пружини со чија помош мината се поставува во работна, вертикална, положба. Сеизмичките сензори се поставени на неколку но-

гарки. Централната единица на минатa е поделена на контејнер за транспорт и лансирање и на борбен елемент. На неговата надворешна површина се наоѓаат преклопливи акустични целни сензори, а навнатре се поставени потребните електронски компоненти, погони и слично.

На подвижната основа има борбен елемент, одговорен за погодување на целта. Изработен е во цилиндрично тело со неколку надворешни обвивки. Производот е опремен со кумулативна боева глава и носи два целни сензори – активен радар и инфрацрвен сензор. Веројатно главното тело на борбениот елемент е сместено под боевата глава, а страничните обвивки ги содржат целните сензори. Мината „ПТКМ-1Р“ во транспортна и борбена позиција е со висина од 510 mm. Дијаметарот на трупот и борбениот елемент е 220 mm, со исклучок на испакнатите делови. Масата на производот е помала од 20 kg, од кои 2,8 kg отпаѓаат на боевата глава. Пенетрација на боевата глава низ хомоген оклоп изнесува до 70 mm. Мината е опремена со самоликвидатор којшто трае 10 дена.

Мината се поставува на позиција рачно, земајќи ги предвид правците на движење на непријателските оклопни возила и треба да се наоѓа на 5 до 50 m од нив. Кога се префрла на борбена позиција, мината ги отвора потпорните ногарки и станува вертикална. Поставени се два сеизмички сензори кои ги чувствуваат вибрациите предизвикани од возилата што се приближуваат а, исто така, има и четири кардиоидни микрофони кои примаат звуци со големо засилување однапред и од страните, на врвот на единицата, кои ги слушаат звуците на тешките оклопни возила. За време на работата мината ги следи вибрациите на земјата и ги „слуша“ околните звуци. Целта се идентификува со споредување на акустичниот и сеизмичкиот потпис на целта со внатрешната база на податоци. Двете групи сензори според параметрите и овозможуваат на мината да открие целно возило на растојание од 100 метри. Голем извор на вибрации од типот „тенк“ се открива на растојание од најмалку 200 метри. Откако ќе ја пронајде целта, мината се врти и се навалува во нејзина насока. После приближувањето на целта на растојание помало од 50 m (и не поблиску од 5 метри), се пресметува потребната патека на летот на боевата глава и истата се лансира. Боевата глава се лансира во воздух со брзина од 30 m/s до височина од приближно 30 метри. Потоа користи инфрацрвени сензори и радар за прецизно да ја одреди својата цел, пред да го детонира своето кумулативно експлозивно полнење за да создаде експлозивно формиран пенетратор. Уништување на оклопниот објект се изведува врз неговиот најмалку заштитен горен дел.

Противтенковската мина „ПТКМ-1Р“ се забележува по нејзината сложеност, но таа обезбедува посебни борбени способности и сериозни предности во однос на другите оружја. Оваа мина е една од најефикасните руски противтенковски мини. Главната предност на мината е способноста да се контролира голема површина на теренот. Една мина покрива круг со дијаметар од 100 m, а со помош на неколку мини може да се блокира голема површина. Важна карактеристика на новата мина е присуството на комбинирани средства за откривање и идентификација на целта, како и напредна „интелигентна“ електроника. Поради овие средства, веројатноста за грешка при пребарување и напад се намалува, а се зголемува и вкупната ефикасност.



„ПТКМ-1Р“ се одликува со специфичен начин на погодување на целта, кој е целосно оправдан, бидејќи современите воени возила се опремени со разновидна дополнителна заштита, со што се намалува заканата од мините што го погодуваат подвозјето, дното или странично. Во исто време, нападот од горната хемисфера сè уште овозможува да се остварат добри резултати. Но, и покрај сето ова, новата противтенковска мина има ограничувања и недостатоци. Пред сè, таа се поставува рачно и засега не е компатибилна со уредите за далечинско минирање, што до одреден степен го отежнува подготвувањето на мински полиња. Покрај тоа, мината е забележлива поради нејзината значителна големина, што ја отежнува употребата на отворени површини.

Генерално, Русија сè уште верува дека мините се клучната способност за ограничување на маневарот и за обликување на модерното бојно поле. Примарна предност е што тенковската мина со напад одозгора може да ги избегне дебелите странични и фронтални оклопи на тенковите и наместо тоа да го погоди тенкот во неговиот помалку оклопен горен дел, со што ги зголемува шансите за негово уништување. Бидејќи тенковската мина со напад одозгора има дострел од приближно 100 метри, потребни се многу помалку мини за одбрана на дадена област наспроти употребата на конвенционалните мини. Во иднина ќе биде можно и поврзување на руските „паметни“ мини во мрежа што ќе се води од една контролна табла. Сензорите на муницијата ќе му пренесуваат на панелот податоци за откриените објекти – тип, број, брзина и насока на движење. Операторот ќе може да избере кои мини да ги активира за уништување на цели, а кои да ги чува во резерва. ■



# ИНТЕГРИРАН НАПРЕДЕН КОНЦЕПТУАЛЕН МОДЕЛ ЗА ВОЕНИ КОМУНИКАЦИИ



Пишува: м-р Реџеп Мустафовски

Во ера на брзи технолошки промени и растечки безбедносни закани, напредните воени комуникациски системи претставуваат клучен фактор за ефикасно командување и координација на терен.

Современите воени операции се карактеризираат со висока динамика, комплексност и потреба за брзо донесување одлуки. Во такви услови, комуникациските системи ја претставуваат основата врз која се темели целата оперативна ефикасност. Секој прекин, доцнење или неконзистентност во размената на информации може да резултира со сериозни последици после текот на мисијата. Затоа е потребно да се развивива интегриран напреден концептуален модел кој ќе обезбеди стабилна, сигурна и брза комуникација во различни тактички и стратешки сценарија.

Овој концептуален модел претставува структуриран пристап за интеграција на различни технологии, протоколи и комуникациски платформи во еден функционален систем. Моделот треба да овозможи висока отпорност на електронски пречки, оптимално користење на достапниот спектар, адаптација кон променливи теренски и метеоролошки услови и поддршка за реален временски пренос на податоци.

Во услови кога брзата и безбедна размена на информации е од клучно значење за успешното водење на операции, интегрираниот напреден концептуален модел претставува основа за надминување на сегашните ограничувања во воените комуникациски системи.

## Клучни елементи на концептуалниот модел

**1. Модуларна архитектура**

Системот е изграден од повеќе функционални модули кои можат да се надградуваат и да се приспособуваат според барањата на мисијата. Ова овозможува флексибилност и брза интеграција на нови технологии, без потреба од целосна замена на постоечката опрема.

**2. Мултиплатформска интеграција**

Моделот поддржува комуникација преку повеќе платформи: земјени командни центри, мобилни единици, беспилотни летала, сателити и поморски системи. Ова создава единствена оперативна мрежа која ја зголемува покриеноста и достапноста на информациите.

**3. Напредни алгоритми за маршрутирање**

Вклучува интелигентни методи за избор на оптимална рута за пренос на податоци, со цел да се минимизираат доцнењата и да се избегнат блокирани или небезбедни канали.

**4. Безбедносни протоколи од највисоко ниво**

Шифрирањето на податоците, автентикацијата на корисниците и континуираната проверка на интегритетот на информациите се основни механизми за заштита на комуникациите.

**5. Приспособено управување со ресурси**

Моделот овозможува автоматска распределба на достапната пропусна моќ и енергетските ресурси,

во зависност од приоритетот на задачите и моменталните услови.

**6. Поддршка за интегрирана анализа и визуелизација**




*Слика бр.1 Структура на интегрираниот комуникациски модел*

Сите податоци се собираат и се обработуваат во централен систем за анализа, кој преку визуелни „интерфејси" овозможува командантите да донесуваат брзи и точни одлуки.




*Слика бр.2 Споредба на перформанси пред и по имплементација на концептуалниот модел*

## Очекувани резултати и предности

Имплементацијата на овој концептуален модел значително ја зголемува оперативната ефикасност на воените единици. Се обезбедува континуирана и сигурна комуникација, се намалува времето потребно за пренос на критични информации, а системот станува поотпорен на непријателски електронски дејства. Дополнително, модуларниот пристап овозможува долгорочна одржливост и економска оправданост, бидејќи модернизацијата се врши постепено.

Графикот прикажува значително подобрување во сите клучни параметри на перформансите по имплементацијата на концептуалниот модел. Најголем напредок е забележан во сигурноста на врската и отпорноста на пречки, што директно влијае на ефикасноста на комуникацијата во сложени оперативни услови.

На пример, при мултинационална мировна мисија, моделот овозможува координирано управување со повеќе комуникациски канали во реално време, што значително го намалува времето за реакција и ја зголемува ефикасноста на заедничките операции.

## Заклучок

Развојот на интегриран напреден концептуален модел за воени комуникации е од стратешко значење за модерните вооружени сили. Со ваков пристап, не само што се подобрува брзината и квалитетот на размената на податоци, туку и се обезбедува поголема безбедност и отпорност на системот. Моделот овозможува командните структури да имаат целосна ситуациска слика во реално време, што е клучно за успешно извршување на комплексни мисии. Во иднина, дополнителната интеграција со технологии како што се вештачката интелигенција и квантната криптографија ќе овозможи уште повисоко ниво на автоматизација и заштита, поставувајќи нови стандарди за воените комуникациски системи.

Континуираната модернизација и интеграција на вакви системи ќе биде од суштинско значење за одржување на предноста и безбедноста во идните оперативни сценарија. ■



# МОДУЛАРЕН САМООДЕН РАКЕТЕН ЛАНСИРЕН СИСТЕМ „ТАМНАВА“ 122/262ММ



Пишува: потполковник Славчо Кузманоски.

Во ноемврискиот издание на магазинот „Штит“ ви го претставуваме модуларниот самооден ракетен лансирен систем „Тамнава“ 122/262мм. Како вовед кон овој систем, а поради подобра визуелизација и разликување на ракетните системи, кратко ве потсетуваме дека во основа постојат два типа на повеќецевни фрлачи на ракети:

– со фиксни лансирни цевки (цевки кои не се модуларни, а се полнат рачно или полуавтоматски). Искуствата покажале дека овој е најкористен и најпрактичен тип на лансери, од причина што може лесно и брзо да се маневрира и да се дополнува со муниција, без да се прават одредени постапки за промена на комплетни полнења – цевки (модули) за кои е потребно повеќе време;
– со контејнери и модули на ракети, каде истите се фиксни, во зависност од типот на лансерот и се дополнуваат како комплетен сет на ракети. За нивното полнење е потребно повеќе време и дополнителна проверка.

„Тамнава“ се произведува во наменската индустрија „Југоимпорт СДПР“ во Р.Србија. Модуларниот самооден ракетен лансирен систем „Тамнава“ е наменет за огнена поддршка на големи далечини и гаѓање на цели од голема важност. Со системот може да се гаѓа на максимална далечина до 70 километри.

Лансирниот дел се придвижува по правец и елевација, со помош на електромотори со соодветни редуктори. Лансирниот дел е прицврстен за рамка која е дел од шасијата на возилото. Послугата на системот се состои од 3 члена. Ракетниот систем е опремен со сите дигитални системи за контрола и координација на оган и е компатибилен со најсовремените системи на денешницата. Современите интегрирани системи за огнена поддршка на системот му даваат потполна автономија за да може да дејствува самостојно, како еден систем, со што се овозможени идеални предуслови за брза промена на огнената позиција, опстојување за време на активни борбени дејства и противелектронска борба. Полнењето на системот се врши со помош на дигалка која е монтирана на платформата. Системот е опремен и со сензори за детекција на ласерско зрачење, како и со фрлач на чадни кутии, наменети за самозаштита. Придвижувањето на лансирните модули може да биде автоматско, полуавтоматско и рачно. Ориентацијата и навигацијата на системот се со посредство на инерцијален систем за навигација и со ГПС – глобален систем за позиционирање. Системот поседува посебен уред кој ги отстранува грешките поради косината на возилото, на огнена позиција до нагиб од 5 степени. Системот е дизјниран во 2019 година, а за првпат е претставен во 2020 година. Името го добива според името на реката која се наоѓа во западниот дел на Р.Србија. ■

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „ТАМНАВА“ 122/262мм | |
|---|---|
| Тип на ситем | Модуларен |
| Калибар на ракетите | 122mm<br>262mm |
| Начин на полнење | Со помош на дигалка која е монтирана на платформата |
| Дострел | 262mm - 70km<br>122mm – 20 и 40km |
| Послуга | 3 |
| Број на лансирни модули | 2 |
| Број на цевки во еден лансирен модул | 6 (262 mm), 24 (122 mm) |
| Борбен комплет на орудието | 96 ракети 122mm или 12 ракети 262mm |
| Начин на истрелување | Автоматски, од кабина или надвор од кабина со помош на пулт за истрелување од 25m |
| Електронско чкрапало | Рафално истрелување со променлив временски интервал од 0,8 до 4 s<br>Единечна стрелба<br>Од кабина или надвор од кабина со помош на пулт за истрелување од 25m |
| Температутен опсег на употреба | од 243 K до 327 K |
| Хоризонтално поле на дејство | +/- 110 степени |
| Вертикално поле на дејство | од 0 до 60 степени |
| Точност на заземање на елементите | +/- 0-01 (поделба 64-00) |
| Точност на самопозиционирање | +/- 1 m |
| Брзина на движење на модулите по правец | 3 степени/s максимум |
| Брзина на движење на модулите по елевација | 1 степен/s максимум |
| м/в | MAN TGS 41-480 8x8 со носивост до 40t со оклопена кабина со ниво на заштита 2 |
| Време на подготовка на орудието за дејство | 180 s |
| Време за напуштање на огнената позиција | 120 s |
| Тежина | 35 t (max) |
| Должина | 10,66 m |
| Ширина | 2,6 m |
| Висина | 3,84 m |





# „РПГ-32“ – противтенковски вооружен систем

*„РПГ-32“ е пренослив противтенковски фрлач на гранати со краток дострел, произведен од компанијата за опрема и одбранбени системи JADARA (JRESCO), со лиценца од рускиот производител на оружје „JSC SPA Bazalt“.*



Пишува: Идриз Идризоски

„РПГ-32“ е пренослив противтенковски фрлач на ракетни гранати со краток дострел, произведен од компанијата за опрема и одбранбени системи „JADARA“ (JRESCO), по лиценца на рускиот производител на оружје „JSC SPA Bazalt“.

Противоклопниот систем за оружје е наменет за уништување на различни цели на бојното поле, како што се тешко оклопни тенкови, лесни оклопни возила, бункери, утврдувања, згради, опрема и воени сили во отворени и затворени простори.

## Развојот на противоклопното оружје „RPG-32“

„RPG-32 Hashim“ е дизајниран и развиен од страна на „JSC SPA Bazalt“ за јорданските вооружени сили во 2005 година. Макета на системот беше демонстрирана за време на Изложбата за операции на специјалните сили SOFEX, што се одржа во Аман, Јордан, во 2006 година.

Лиценцираното производство на ракетните лансери „RPG-32“ со употреба на руска технологија започна во производствениот погон JADARA, во близина на Аман, во средината на 2013 година. Оружјето сега се употребува во Кралската јорданска армија, а е нарачано и од Обединетите Арапски Емирати.

JADARA ја претстави далечински управувана станица за оружје „Nash-Shab Quad“, монтирана на пиедестал за лансирање оружје RPG-32 во февруари 2015 година.

Две нови верзии на четворократните лансери „Nash-Shab“, наречени „Quad -1“ и „Quad -2“, беа претставени за време на изложбата „SOFEX 2016“.

## Дизајн и карактеристики на противтенковското оружје „RPG-32“

Мултинаменскиот ракетен вооружен систем RPG-32 има модуларен дизајн, кој се состои од една единица за повеќекратно отпуштање/куќиште за оружје со единица за нишанење и еден контејнер за еднократна употреба за носење боева глава.Опремен е со муниција од калибар 72,5 mm или 105 mm и електрооптички системи за нишанење. Може да се лансира и да се управува од полузатворени точки на отпуштање или ограничени области.

## Боева глава

Ракетниот вооружен систем „RPG-32“ со мазна цевка е безотскочно оружје кое може да биде опремено со два вида на боеви глави, TBG-32, повеќенаменска, термобарична и

ATG-32, противтенковска, високо експлозивна во тандемска форма. Секоја ракета е долга 1 метар и тежи 7,5 кг.

Тандемската боева глава HEAT – High Explosive Anti-Tank, со калибар 105 мм има способност да пробие 650 мм челичен оклоп зад реактивна заштита, додека термобаричната боева глава од 72,5 мм нуди висока смртоносна моќ против лесни оклопни цели, воени утврдувања и згради.



## Нишани за вооружениот систем „RPG-32“

Противтенковскиот вооружен систем „RPG-32“ може да биде опремен со различни оптички уреди како што е стандардниот оптички нишан „GS-1DN“ (1P81) со единица за ноќно гледање „NV/A-2“. Со аголно поле на гледање од 12°, нишанот „GS-1DN“ има растојание на нишанење кое се движи од 50 m до 700 m преку ден и од 50 m до 350 m ноќе.

Оружјето може да биде опремено и со нов дневен и ноќен нишан „GS-2R“ со ласерски мерач на далечина и со ноќен нишан „NV/A-1“.

Нишанот „GS-2R“ има аголно видно поле од 16,5° и може да работи на температури кои се движат помеѓу -40°C и +50°C.

## Детали за лансерот „Nash-Shab Quad “

Лансерот „Nash-Shab Quad“ на земја може да носи до четири противоклопни оружја „RPG-32“ во конфигурација 2x2. Опремен е со странично монтиран сензорски пакет, вклучувајќи телевизиска камера и термичка слика, кои се користат за откривање и следење на објекти со инфрацрвено зрачење.

„Противоклопниот систем е наменет за уништување на различни цели на бојното поле, како што се тешко оклопни тенкови, лесни оклопни возила, бункери, утврдувања, згради, опрема и воени сили во отворени и затворени области“.

Сензорскиот пакет за новата верзија на лансерот „Quad-1“ е поставен во центарот, овозможувајќи подобро откривање и следење на целта.

Лансерот „Nash-Shab Quad-2“ е опремен и со четири оружја „RPG-32“ во конфигурација 4x1. Може да се монтира и на оклопни борбени возила.

Останати спецификации на противоклопниот систем се:

- тип: противтенковски вооружен систем;
- дизајнер: „JSC SPA Bazalt“;
- производител: „JADARA Equipment and Defence Systems Company“;
- тежина: 3 кг;
- дострел на огнот: 200-700 метри.

Во современото војување, противтенковското оружје има многу важна улога. Тоа е клучна опрема за пешадијата во борбата против оклопните сили. Овој систем на оружје привлече широко внимание на меѓународната воена област поради своите извонредни перформанси и иновативен дизајн.

„RPG-32“, чие целосно име е Rocket-Propelled Grenade, е дизајнирано и развиено од руската државна компанија за производство на оружје „Базарт“. Овој ненаведуван противтенковски ракетен систем со истрелување од рамо е усвоен од многу земји, почнувајќи од неговото воведување во 2012 година, и има важна улога во многу конфликтни зони.

Развојот на „РПГ-32“ започна во 2005 година. Овој систем беше нарачан од Русија по барање и договор со Јордан. Во 2008 година, првата серија лансери на гранати „РПГ-32“ беа испорачани од Русија во Јордан, а беше планирано масовно да се произведуваат со лиценца во фабриката „ЈАДАРА“ во Јордан. ■



# Белгиски полуавтоматски пиштол „FN Five-seven“

Пиштолот „FN Five-seven“ припаѓа на четвртата генерација пиштоли (полимерски) и поседува современ модуларен дизајн, а се карактеризира со голем квалитет на изработка, сигурно функционирање и безбеден механизам. Поради малиот отскок при стрелба поседува одлична прецизност, солидна ергономија, добро распоредени мануелни команди, има рамка за муниција со голем капацитет, лесно се расклопува, се чисти и се одржува и користи муниција со голема пробивност. Пиштолот „FN Five-seven“ е именуван по калибарот на куршумот кој го користи – 5,7 mm. Механизмот на пиштолот функционира на принципот одложен повратен удар. Првата верзија на пиштолот поседува DAO механизам на повлекување на чкрапалото, а потоа се преоѓа на SA механизам. Пиштолот се изработува од челик и полимер. Од челик се изработуваат навлаката, затворачот, цевката со повратната пружина и механизмот на чкрапалото, додека од полимер се изработува pamkata, поклопецот на навлаката и телото на рамката за муниција. Бојата на полимерот може да биде црна, кафена и маслинесто-зелена. Навлаката е челична и потполно затворена и за неа е изработен полимерски поклопец, иако првиот впечаток е дека навлаката е полимерска. При расклопувањето се забележува дека е изработена од два дела. Инаку, на навлаката се поставени предниот и задниот механички нишан, кои се опремени со три бели точки. Задниот нишан е со можност за корекција по правец и елевација. Но, одредени верзии поседуваат фиксни ниски борбени нишани со три бели точки. На предниот долен дел од рамот има шина „Picatinny“, според стандардот MIL STD 1913, наменета за поставување ласерски нишан или тактичко светло. Од левата страна на рамката од пиштолот, од лево кон десно, според следниот редослед се поставени командите: лостот за расклопување на пиштолот, лостот на мануелната кочница кој е поставен од двете страни на рамката, лостот за ослободување на навлаката и кај ракофатот е поставено копчето за ослободување на рамката за муниција, кое по желба на корисникот може да се постави од лева или од десна страна. На горниот дел од навлаката, лево од отворот за исфлување на чаурите, е поставен индикаторот за куршум во цевката. Излекувачот на куршуми не се гледа бидејќи е поставен внатрешно. Цевката е изработена од ладно кован нерѓосувачки челик, внатрешно е тврдо хромирана и поседува 8 жлебови изрежани со десен чекор на ротација чиј круг се затвора на 231 mm. Постојат и примероци со подолга цевка за прифаќање на придушувач на истрел. Цевката може да трае до 20.000 испукани куршуми, а околу цевката е поставена повратната пружина.

Стандардната рамка за муниција е дворедна, со капацитет од 20 куршуми. Од страните на рамката за муниција по вертикала има 4 мали отвори (означени со 5, 10, 15 и 20), со цел покажување на количината на муниција во неа. Но, постојат и рамки за муниција со капацитет од 10 и 30 куршуми. Пиштолот е развиен околу специјално дизајнираниот куршум 5,7x28 mm, наменет да ги надмине тактичко-техничките карактеристики на куршумот 9x19 mm „Parabellum“. Куршумот „SS190“, чиј проектил може да го пробие NATO CRISAT панцирниот елек на далечина од 100 m или 48 слоја кевлар на далечина од 50 m е развиен мошне практично. Освен куршумот „SS190“, развиени се и обележувачкиот куршум „L191“, субсоничниот куршум „Sb193“, куршумот „SS192“ со празен врв на проектилот, куршумот „FR199“ со фрагментирачки проектил и вежбовен куршум. Врз основа на базичниот пиштол „FN Five-seven“ се развиени следните подверзии и верзии: „Five-seven Tactical“, „Five-seven IOM“, „Five-seven USG“, „Five-seven FDE“, „Five-seven ODG“, „Five-seven MK2“ и најновата (најсовремена) верзија „Five-seven MK3 MRD“. Корисници на верзиите од пиштолот се полициски служби, безбедносни служби и армии на околу 40 држава во светот. ■



**Објаснување на пресек-сликата**
**Пресек-слика на „FN Five-seven“**

1. Заден механички нишан.
2. Ударна игла со нејзината пружина.
3. Челична навлака на пиштолот со полимерска покривка.
4. Цевка.
5. Повратна пружина.
6. Преден механички нишан.
7. „Picatinny“ шина.
8. Полимерска рамка на пиштолот.
9. Лост на двострана мануелна кочница.
10. Штитник на чкрапалото.
11. Чкрапало.



Пишува: Ивица Дамески








12. Механизам на копчето за ослободување/утврдување на рамката за муниција.
13. Чекиран ракофат.
14. Потиснувач на куршуми во рамката за муниција.
15. Пружина на рамката за муниција.
16. Рамка за муниција за 20 куршуми.
17. Лост за поврзување на чкрапалото со ударниот механизам.
18. Ударен механизам на чкрапалото.
19. Внатрешен удирач на ударната игла

| Тактичко- технички карактеристики на „FN Five-seven IOM“ | |
|---|---|
| Калибар и муниција | 5,7x28 mm |
| Должина | 208 mm |
| Височина | 145 mm |
| Широчина | 35 mm |
| Должина на цевката | 122 mm |
| Нажлебен дел од цевката | 93 mm |
| Должина на нишанска линија | 178 m |
| Тежина без рамката за муниција | 590 gr |
| Тежина со полна рамка за муниција | 740 gr |
| Брзина на проектилот на излез од цевката | 630 m/s (со муниција SS190) |
| Ефективен дострел | 50 m |
| Максимален дострел на проектилот | 1.500 m |
| Капацитет на рамката за муниција | 20 куршуми |



# Виетнамската војна – најапсурдната војна во современата историја



Пишува: мајор Зоран Василески

### ПОВОД ЗА ПОЧЕТОК НА ВИЕТНАМСКАТА ВОЈНА

Позадината и поводот за отпочнување на Виетнамската војна, според повеќе теоретичари, е директно поврзана со францускoто влијание во регионот на Југоисточна Азија или, попозната како француска Индокина, како и новонастанатата поделба во повеќе аспекти која на крај резултираше со оформување на два реони на контрола: Северен и Јужен Виетнам во кои беа распоредени Ослободителната армија и англо-француските трупи.

### ЕСКАЛАЦИЈАТА НА ВОЕНИТЕ СУДИРИ ПОСЛЕ ИНЦИДЕНТОТ ВО ТОНКИСКИ ЗАЛИВ

Американскиот воен брод „Медокс“ на 31 јули 1964 година бил испратен во мисија во Тонкинскиот Залив кој во тоа време бил дел од територијата на Северен Виетнам, со цел да испровоцира реакција

*Виетнамската војна или, повеќе позната како Втора индокинеска војна, всушност се водеше помеѓу Северен Виетнам и Јужен Виетнам со огромна поддршка на САД во периодот од 1955 до 1973 година.*

за да се добие легитимен повод за интервенција од поголеми размери. Воениот брод бил нападнат, но било соодветно возвратено, така што штетата на страната на Виетнамците била многу поголема во однос на моќниот американски разурнувач.

На почетокот на месец август 1964 година следел диверзантски напад извршен од страна на Јужен Виетнам во сојуз со американските трупи, а следниот ден разурнувачот „Медокс“ и уште воен брод биле испратени повторно на мисија во територијалните води на Северен Виетнам, но овојпат безуспешно. Резолуцијата за Тонкинскиот Залив била усвоена на 7 август 1964 година. После донесувањето на оваа резолуција, претседателот Линдон Џонсон и се обратил на нацијата и новонастанатата состојба во Виетнам ја опишал како „предизвик од исто значење на кој мора да му се пристапи со истата храброст и цврстина како во: Берлин, Кореја, Либан и Куба“.

Кон крајот на месец ноември истата година, од страна на Националниот совет за безбедност бил усвоен планот за бомбардирање на Виетнам во 2 фази, а во меѓувреме САД го формирале пактот АЗНУС во кој беа Австралија и Нов Зеланд, од кој беа регрутирани најголем процент на војници во Виетнам.

Во средината на седмата декада на минатиот век, беше отпочната уште една голема војна, а на агендата на САД беа повеќе воени операции кои се водеа сè додека Виетконговците не се откажат од

крајната цел – издвојување на слободен и обединет Виетнам.

### ОПЕРАЦИЈА „РОЛИНГ ТАНДЕР“

Како прва поголема и подолготрајна бомбашка операција на САД во Виетнам е операцијата „Ролинг Тандер“ во која главните цели беа константно бомбардирани во периодот од 1965 до 1968 година во упориштата на Виет Мин, како и коридорите преку кои герилата била снабдувана со ресурси и индустриските објекти во Северен Виетнам. САД, за 35 месеци фрлиле вкупно 900.000 тони бомби, што е повеќе од севкупниот број на бомби што биле фрлени пред Втората светска војна.

Конечно, во март 1968 година, под огромно влијание на државниот секретар за одбрана, Роберт Мекнамара, операцијата била прекината и отпочнале преговорите со Северот, а тоа е една од главните цели кои Американците сакале да ги постигнат.

### ОПЕРАЦИЈА „СТАРЛАЈТ“

Операцијата „Старлајт“ е првата поголема операција која е спроведена само од американските трупи во Виетнам. За време на оваа операција, 5500 маринци, со поддршка на воздухопловството, на 21 август 1965 година ја нападнале и ја уништиле базата на фронтот, која била во близина на Ван Туонг. Во брзата и одлучна акција, американските власти убиле вкупно 700 Виетконговци, а тие загубиле 45 војници.

### ОФАНЗИВАТА „ТЕТ“

Во јануари 1968 година започнала офанзивата „Тет“ која, всушност, е заедничко име за повеќе жестоки битки кои се одвивале во овој период. Северновиетнамската армија и герилата извршиле напади на сите поголеми градови во Јужен Виетнам. Офанзивата на повеќе места веднаш била запрена, освен во Сајгон каде што се воделе крвави битки три дена. Градот Хуе бил под власт на Северен Виетнам цел месец, а за тоа време комунистите се стекнаа со многу лоша репутација заради извршените масакри врз цивилното население кое било проамериканско настроено. После 4 седмици градот повторно бил ослободен.





Иако со овие офанзиви не се сменило ништо од стратегиски аспект, бројката од 21.000 загинати американски војници била шокантна за јавноста во САД. Затоа имало барања, но и отворени критики да се стави крај на оваа апсурдна војна.

### КРАЈ НА ВОЈНАТА ПОМЕЃУ САД И ВИЕТНАМ

Со понатамошниот тек на војната, политиката на САД била да се изврши повлекување на дел од трупите и да се спроведе некаков фиктивен мир со цел да се избегнат понатамошни загуби. Виетнам, во октомври 1970 година го зафатија огромни поплави, што предизвикало отежнување на и онака лошата состојба која стагнирала неколку месеци. Јужновиетнамската армија извршила напад на Лаос во февруари 1971 година, а овојпат САД биле поумерени во поддршката. Пактот АНЗУС (САД, Австралија и Нов Зеланд), кој дејствуваше 6 месеци, беше раскинат со повлекување на сопствените трупи.

Во текот на 1972 година, главните заложби на претседателот Никсон биле да се завршат воените дејства во Индокина, а конечниот договор за крај на војната бил потпишан на 27 јануари 1973 година на Мировната конференција во Париз.

### ЗАКЛУЧОК

Виетнамската војна, позната и како Втора индокинеска војна, можеби е најапсурдната војна во поновата човекова историја. Во текот на оваа војна виетнамскиот народ претрпе огромни човечки загуби – вкупно 5.000.000 жртви, од кои 4 милиони биле цивили, додека материјалните загуби се рефлектираат и до денденес. Исто така, во џунглите на Индокина животот го загубиле 60.000 Американци, 150.000 биле повредени, а околу 50.000 од оние коишто преживеале и се вратиле извршиле самоубиство – познато како виетнамски синдром. ■



# ВО НГУЕН ЏАП

## УЧИТЕЛОТ КОЈ ГИ ИСПИША ПРАВИЛАТА НА ВОЈУВАЊЕТО



Пишува: потполковник Златко Блажески

Воениот лидер Во Нгуен Џап започнал да работи како наставник по историја, а завршил како еден од најголемите команданти на модерното време. Тој ги победи Франција и Соединетите Американски Држави, две сили кои воено се многу посилни. За неговиот народ, тој е „народен генерал“, симбол на независност. За неговите критичари, тој беше безмилосен стратег кој прифати зачудувачки големи човечки загуби. За воените историчари, неговите кампањи/операции остануваат студии на случај во асиметричното војување, бунтот и границите на силата на големите сили.

Роден е на 25 август 1911 година во Ле Туј, француска Индокина. Џап бил син на посветен антиколонијалистички научник. Студирал во лицејот „Алберт Саро“ во Ханој, каде што се вклучил во студентски штрајкови. Неговата револуционерна ревност го одвела и во француски затвор во 1930 година, иако отслужил само дел од казната, враќајќи се во академијата со дипломи по право и политичка економија од Универзитетот „Ханој“. Џап подоцна предавал историја, а во 1938 година се оженил и станал активен во Индокинаската комунистичка партија. Откако оваа партија била забранета во 1939 година, тој избегал во Кина, додека неговата сопруга била затворена и трагично починала во затворот. После овој настан Нгуен се посветил на борбата за ослободување на Виетнам и од учител станал револуционер. Тој немал формална воена обука, но ги проучувал книгите за Наполеон, Клаузевиц, Сун Цу и Мао Це Тунг. Од теорија, импровизација и неопходност, тој создал доктрина за народна војна. Во 1944 година Џап ја организирал таканаречената пропагандна бригада, сила од само 34 луѓе вооружени со пушки, пиштоли и решителност. Тие изведуваат низа



напади на француски стражарски позиции, притоа запленувајќи оружје и воедно градејќи морал кај сопствените сили. Од овие почетоци се развила Народната армија на Виетнам (PAVN). После Втората светска војна, Французите се обидоа да ја вратат колонијалната власт во Индокина. Џап, под поли-

тичкото водство на Хо Ши Мин, мобилизирал селани и борци низ целата земја, со цел давање отпор. Една од одлучувачките битки во текот на оваа долгодишна војна е битката кај Диен Бјен Фу во која Нгуен ја демонстрира својата брилијантност – опколување на вкопаните француски сили на северозапад, користејќи скриена артилерија и интуитивна логистика за совладување на супериорната огнена моќ и надмоќ во воздушниот простор. Оваа победа го означува завршувањето на француското колонијално владеење во Индокина.

Ако светот го запозна Џап со битката кај Диен Биен Фу, тогаш војната во Виетнам му обезбеди место во историјата. Соединетите Американски Држави влегоа во Виетнам со огромна супериорност, модерно оружје, воздухопловна моќ, хеликоптери и речиси половина милион војници на врвот. За повеќето аналитичари војната предвреме имаше победник. Но, ставот на Џап беше различен. Неговата максима била едноставна: „Непријателот губи ако не победи! Ние победуваме ако не изгубиме". Еден од пресудните моменти во оваа војна е офанзивата „Тет", кога истовремено Виетконг и северновиетнамските сили започнаа истовремени напади врз над 100 градови и бази низ Јужен Виетнам. Иако оваа офанзива донесе загуби од десетици илјади борци на двете страни, стратешки офанзивата претставувала триумф. Шокот од гледањето како американските амбасади и упоришта се нападнати, ја разниша американската доверба. Јавното мислење се сврте против војната, а американските лидери почнаа да бараат стратегии за излез. Воениот лидер Џап повторно успеал да ја претвори слабоста во сила. Џап ја осмислил комуникација „Хо Ши Мин" – обемна, тајна логистичка мрежа што пренесувала луѓе и материјали помеѓу Северен и Јужен Виетнам, пофалена како еден од најголемите подвизи на воеcivilното инженерство во 20 век. Иако Џап се повлекува од командувањето на фронтот во 1970-тите поради внатрешна политика, неговата доктрина го водеше напредувањето на Северновиетнамците сè до април 1975 година. Иако политички маргинализиран во 1980-тите, Џап и понатаму останал многу влијателен. Тој ги поддржувал економските реформи на Виетнам (Đổi Mới) и се занимавал со граѓанско застапување, особено со еколошки активизам. Како остварен автор, тој има напишано над 60 книги, обликувајќи ја на тој начин теоријата и доктрината на народната војна и придонесувајќи за интелектуалното наследство на Виетнам. Во 1992 година, покрај другите одликувања и медали, тој е одликуван и со највисокото одликување на Виетнам, Орденот на златната ѕвезда. Џап починал на 4 октомври 2013 година, на 102-годишна возраст. Неговата смрт предизвика национална жалост затоа што за многу Виетнамци тој го симболизираше човекот кој победи две големи сили и обезбеди независност.

Воеското лидерство кое го демонстрира Во Нгуен Џап имаа неколку клучни точки, но пред сè „луѓето како центар". Според Џап, војната не се добивава со технологија или дури и со маневри на бојното поле, туку со мобилизирање на целото население. Секој селанец беше потенцијален поддржувач, водич или борец. Втората клучна точка според Џап е трпението и издржливоста. Тој верувал дека времето е неговото најголемо оружје. Продолжувањето на војната ја еродира непријателската волја и сила. Третата точка е флексибилноста. Тој се префрлува од герилска војна на војување на конвенционални битки кога условите му оделе во корист, како на пример во Диен Биен Фу и подоцна во 1975 година. Последната точка на која го дава акцентот, а е од особено значење е психолошкото војување. Џап, со своите воени операции ги таргетирал не само армиите, туку и моралот на непријателските општества и покажал дека ја разбира важноста на глобалната перцепција. Во Нгуен Џап и неговото воено познавање има глобално влијание. Неговите кампањи влијаеле врз бунтовниците и стратезите низ целиот свет. Идејата дека послаба сила може да преживее и да ја победи посилната, станала модел за асиметрично војување. Дури и западните војски го проучуваат Џап како случај за тоа како да не се бориме, истакнувајќи ги опасностите од потценувањето на политичката волја и технички послабиот непријател.

Генералот Во Нгујен Џап е спој на интелект, стратегија, идеологија и лидерство. Од наставник по историја до архитект на победи против моќни непријатели, тој се појавил како симбол на воената моќ и националната храброст од 20 век. За воените професионалци, Џап нуди трајни лекции – моќта на приспособливоста, логистичкото мајсторство, идеолошкото усогласување и учењето од неуспесите. ■





# МИТЕ БОГОЕВСКИ – МОМЧЕТО ОД БОЛНО



Пишува: проф. д-р Виолета Ачкоска

Мите Богоевски (31 октомври 1919 г. – 12 септември 1942 г.) спаѓа во генерацијата македонски револуционери од периодот помеѓу двете светски војни, онаа генерација која ќе ја има историската задача да се бори за национална слобода и социјална правда на својот македонски народ. Во таа плејада македонски револуционери спаѓаат: Кузман Јосифовски-Питу, Мирче Ацев, Страшо Пинџур, Борка Талевски, Панче Пешев, Илија Антевски-Смок, Ванчо Прке, Благоја Јанков-Мучето, Стив Наумов, Петре Пирузе-Мајски, Лазар Соколов и многу други. Сите овие македонски револуционери, како и Мите Богоевски, уште од најраниот период го почувствуваа врз својот грб неподносливиот големосрпски режим, националното угнетување и економската експлоатација, заради која мнозинството од македонскиот народ живееше во крајна социјална беда.

Мите Богоевски, како слободољубив и творечки дух, сосема природно се определува за комунистичкото движење. Во 1937 година стапува во СКОЈ, а како студент на Високата комерцијална школа во Белград, во 1939 година станал член на КПЈ, која во тој период го признавала правото на самоопределување на македонскиот народ, нудејќи национална слобода и социјална правда. Но, истовремено, Мите Богоевски, заедно со Коста Рацин, Венко Марковски, Коле Неделковски, Ацо Караманов, Никола Јонков-Вапцаров и други македонски револуционери, спаѓа во основоположниците на современата македонска поезија. Повеќето од овие личности или биле жртви на фашизмот или репресирани од окупаторите на Македонија. Овие македонски поети-револуционери со невиден вознес ги поставија првите темели со кои нивната поезија се одделуваше од народното творештво што им беше најголемиот извор од кој можеа да учат.



Мите Богоевски имал повеќе уметнички склоности: музика, сликарство, резбарство, но најмногу се изразил низ поезијата. Почнал да стихува уште во прогимназијата во Ресен (1935). Познат како „момчето од Болно“, пред малата матура ја рецитирал својата незачувана песна „Легенда за македонските Славјани“, со изразени македонски национални чувства. Слична била и незачуваната песна „Богомили“, тематика со која се занимавал и Коста Рацин. Во 1938 година, додека бил ученик на Трговската академија во Битола, веќе имал напишано 50-тина песни, меѓу кои и познатата

„Спроти Илинден". Во овој период, низа македонски творци објавуваат свои творби во напредните весници „Луч" и „Наша реч", од кои некои и на македонски јазик.

Исто како и Кузман Јосифовски-Питу и целата таа генерација, така и Мите Богоевски ги негувал илинденските традиции, со борбен дух и повик за нов Илинден, за нова борба за слобода. Задоен со илинденските идеали од една страна, како континуитет на борбата на македонскиот народ за слобода и државност од друга страна, се приклучува кон КПЈ, која ќе биде организатор и предводник на НОБ во текот на Втората светска војна.

Како студент на Белградскиот универзитет (1939-1940) го пишувал и својот недовршен и необјавен роман „Аристиди Бријана". Заради финасиски проблеми, бил принуден да се врати во родното Болно, продолжувајќи ја својата револуционерна активност како член на МК на КПЈ за Ресен (1940). Тогаш испратил повеќе свои стихотворби во весникот „Наша реч" во Скопје, но била објавена само песната „Разделвачка". Редакцијата имала намера да му издаде и посебна стихозбирка, но весникот престанал да излегува, а потоа (заедно со неговата архива) ѝ се губи трагата. Во неговиот скромен поетски опус на македонски јазик се издвојуваат песните: „Стојанка, млада партизанка", „Триесет и девет минаа" и најпознатата „Спроти Илинден". Притоа, кај него е карактеристична поврзаноста на темата и мотивот, тргнувајќи од конкретните историски случувања, повикот на активизам и хумани идеали.

Заради неговата револуционерна дејност, на 16 септември 1940 година, бил уапсен во Битола, а потоа одведен во Белград. Бил затворан во злогласните затвори на Кралска Југославија – „Ада Циганлија" и „Главњача", каде што два месеци бил подложен на сурови испитувања.

Пред почетокот на вооруженото востание во 1941 година, Мите Богоевски извесно време работел во општината во с. Јанковец. Заедно со своите истомисленици, како секретар на Околискиот комитет на КПЈ, станал еден од организаторите на вооруженото востание во Преспанско. Притоа, заедно со Илија Спировски изработувале фалсификувани лични карти за илегалците, поради што бил уапсен на 31 март 1942 година од страна на бугарската полиција. Поради недостиг на докази, за десетина дена бил ослободен од затворот, но како award бележан од бугарските окупаторски власти, преминал во илегалство. Стапувајќи во редовите на НОВ, Мите Богоевски учествувал во формирањето на НОПО „Даме Груев". Пролетта 1942 г. ја напишал и ја размножил на машина песната „Партизанка", која станала популарна како народна песна во Преспанско. Била размножена и неговата песна „Спроти Илинден".

Во текот на 1942 година партизанските одреди влегле во судир со бугарската војска во Западна и Југозападна Македонија и успеале врз себе да концентрираат поголеми воени и полициски вооружени формации, при што настрадале многу предводници на вооружената борба, но и цивилно население.

Меѓу многуте акции на линија на пропаганда на македонската НОБ, во прогласот пред Илинден 1942 година се повикуваат живите Илинденци да ги бојкотираат прославите на бугарските окупаторски власти кои го присвојувале македонскиот Илинден и македонската историја, се повикувал македонскиот народ да се вклучи во новата борба. Влегувањето на одредот „Даме Груев" во Смилево, родното место на Даме Груев, на 2 Август - Илинден 1942 година, бил настан кој ги споил идеите и духот на Даме Груев, основачот на ВМРО во 1893 година, претседателот на Смилевскиот конгрес од 1903 година, со одредот кој го носел неговото славно име. Големо било воодушевувањето на населението кога ги пречекало борците од одредот кои ја уништиле бугарската окупаторска општина и кои им зборувале на селаните за новата борба и новите илинденци.

Во една акција на бугарската војска и полиција за блокада на НОПО „Даме Груев", борците успеале да се пробијат, но тој останал опколен заедно со соборецот Стефан Наумов-Стив (1920-1942). Се обиделе да излезат од обрачот, пробивајќи се во два спротивни правци. За да не паднат живи во непријателски раце, на 12 септември 1942 година, се решиле на саможртва. Мите Богоевски врз себе го истрелал последниот куршум, а Стив Наумов ја активирал последната бомба и легнал врз неа. Бугарската полиција најпрво ги погребала, но потоа ги откопала нивните тела, тајно ги однела кај Ѓавато под Пелистер каде што ги полеале со бензин и ги запалиле.




После херојската и трагична смрт на овие македонски револуционери, борците на одредот на шапилограф ја размножиле песната „Триесет и девет минаја", а во ракописно издание на битолските затвореници бил објавен и фрагмент од песната „Загонетка".

Мите Богоевски бил прогласен за народен херој на Југославија на 2 Август 1949 година. „Момчето од Болно", поет и револуционер, останува една од најсветлите фигури на македонската националноослободителна борба. ■








# КАРТИ ЗА ВОЕНА УПОТРЕБА

Пишува: Горјан Блажески

Постојат повеќе видови карти, но за воени потреби се користат три видови на карти: топографска карта, поморска карта и воздухопловна карта

Во зависност од обемот на податоците и за која намена е направена картата, претставувањето на самите геоподатоци е ограничено со размерот.

Размер е односот на растојанието на картата спрема односот на растојанието на терен.

Во зависност од видот на картата, размерот може да биде: крупен (1:25 000 – 1:50 000), среден (1:100 000 – 1:250 000) и ситен (1:500 000 – 1:1 000 000).

**Топографска карта** претставува општа географска карта на која опширно е претставен географскиот простор. На топографската карта се претставени планините, реките, езерата, изворите, каналите, патната и железничката инфраструктура, градовите, селата, објектите, надморската височина и друго.

Топографските карти содржат повеќе картографски елементи:

- Легенда
- Картографска проекција (UTM – Universal Transversal Mercator)
- Елипсоид (WGS 84 – World Geodetic System 1984)
- Географски координати – географска должина λ и географска широчина φ, изразени во степени, минути и секунди или степени и децимали, на пр. φ = 41°55′03″ и λ = 21°35′10″
- Правоаголни координати – X, Y и Z кои можат да бидат изразени во метри, километри, стапки и др. на пр. y – 7520480(7 зона 520km и 480m) и x – 45355126 и Z = 512м
- Координатна мрежа
- Почетен меридијан: Гринички меридијан
- Азимут на правец север, правилен север (True North) и север на координата мрежа (Grid North)
- Бројчен размер – 1:25 000, 1:50 000
- Линиски размерник
- Еквидистанција на изохипси – растојание помеѓу изохипсите, а тоа се затворени линии кои ја претставуваат надморската височина.
- Вертикален датум – опис на почетна точка од каде што се смета

пресметувањето на надморската височина
- Големина на листови, на пр. 7' 30 ° x 7' 30 °
- Број на листови.

Со оглед на тоа што топографската карта е обемна, со поголем број геопросторни податоци, топографската карта е погодна за користење за воени потреби, цели и планирања. Топографската карта може да се користи и за ориентација во самиот географски простор, па затоа топографската карта се употребува при спроведување воени вежби, тактички операции и е погодна за добивање на голем број геопросторни информации.

За тактичи потреби, најпогодна е топографска карта со размер од 1:50 000.

Во согласност со НАТО стандардите, топографските карти се изработуваат со размер од (AGeoP – 11. NATO GEOSPATIAL INFORMATION FRAMEWORK – NGIF): 1:10 000 (за области во градба), 1:25 000, 1:50 000, 1:100 000, 1:250 000, 1:500 000 и 1:1 000 000.

**Поморската карта** служи за одредување на курсот, односно правецот при пловење на морнарицата. Почетокот на нивната еволуција започнува со големите географски откривања во периодот од XIII до XV век. Првите поморско-навигациски карти биле наречени портолани, што воедно се поврзува со компасот како средство за навигација. Правците означени на карта кои го покажуваат правецот на пловење се нарекуваат локсодроми и се користат до ден-денес при изработка на поморските карти.

Вистинска промена и развој картографијата доживеала со изработката на делата на германскиот картограф, Герхард Кремер Меркато во XVI век. Тој изработувал специјализирана поморска карта која била новитет за картографијата ширум Европа. Неговата картографска проекција се нарекува цилиндрична проекција, која се користи и денес, а врз база на неговата проекција направена е и проекцијата „UTM-Universal Transversal Mercator".

Денес, Меркаторовата цилиндрична проекција е незаменлива за изработка на поморските карти. За изработката на поморските карти денес се користи Меркаторовата проекција во комбинација со азимутна (аголна кружна) проекција и конусна стереографска проекција (за прикажување на Северниот или на Јужниот пол).

При изработка на поморските карти, со помош на сателитски мерења, се користат прецизни хидрографски податоци на водата, а дла-



бочината е претставена со помош на затворени линии (налик на изохипси) кои се нарекуваат батиметрија.

Во согласност со стандардите на НАТО, а воедно и со IHO – International Hidrographic Organisation, размерот за поморските карти (AGeop -19 ADDITIONAL MILITARY LAYERS –AML) е: 1:600 и поголеми, 1: 2500, 1:10 000, 1:50 000, 1:100 000, 1:250 000, 1:500 000, 1:1 000 000, 1:5 000 000, 1:25 000 000 и 1: 100 000 000 или помали.

**Воздухопловната карта**, за разлика од топографската копнена карта и поморскита карта започнала да се изработува подоцна, бидејќи воздухопловството започнало подоцна да се развива.

Воздухопловните карти служат за асистирање на пилотите кои управуваат со самиот воздухоплов, поточно за одредување на најдобра траекторија до дестинацијата со помош на нацигација.

Со воздухопловните карти пилотите имаат можност да ја одредат својата позиција, да ја согледаат надморска височина, имаат помош за следење на навигација по траекторијата на летање, прикажување на алтернативни области за слетување во случај на вонредна состојба во лет и други корисни информации како што се радиофреквенции и граници на воздушниот простор.

Постојат карти за сите копнени маси на Земјата и карти на долги растојанија за прекуокеанско летање. За секоја фаза од летот се користат специфични карти и може да варираат од мапа на одреден аеродромски објект до преглед на инструменталните рути кои покриваат цел континент (на пр., глобални навигациски карти).

Во 1907 година е формирана првата Меѓународна комисија за воздухопловни карти во Брисел – Internationale Kommission für Luftschifferkarten, а првата воздухопловна карта е изработена во 1909 година – Coln 1:300 000.

Денеска, како наследничка на Меѓународната комисија за воздухоплновни карти се смета Меѓународната организација за цивилно воздухопловство – International Aviation Civil Organisation (ICAO), која е формирана во 1945 година.

Воздухопловните карти се изработуваат со Ламбертовата конусна проекција која се одликува со меридијани, отсликани како вертикални линии и напоредниците, отсликани како кружници и азимутна Постелова проекција која ги отсликува вертикалите како кружници со непроменет азимут (агол) на движење.

Според стандардите на НАТО, воздухопловните карти треба да бидат со размер од (AGeoP – 11 NATO GEOSPATIAL INFORMATION FRAME WORK – NGIF): 1: 250 000, 1: 500 000, 1: 1 000 000 и 1: 2 000 000. ■



# Прва психолошка помош на терен:

## Кога командантот е првата линија на поддршка



Пишува: проф. Александар Грижев

За време на мисија сè може да се промени за миг. Утрото започнува со рутина, со обична задача, а веќе неколку часа подоцна имате повреден соборец, критичен инцидент, изгубен живот. Тоа не се само моменти на криза, тоа се пресвртници што се врежуваат во колективната меморија на една единица. Во тие први минути, не се најважни зборовите, ниту наредбите. Луѓето гледаат во очите на тие што се до нив, во колегата, старешината, командантот, барајќи знак дека не се сами. Бараат некој што не мора да има одговори, но ќе биде таму.

Првата психолошка помош на терен, позната и како PFA (Psychological First Aid), не е медицинска интервенција, не е разговор со психолог, ниту официјална постапка. Тоа е првиот, човечки одговор на ненадејна психолошка стресна ситуација. Тоа е начинот на кој се реагира кога некој го доживува најлошиот момент од денот, месецот, а можеби и животот. И, најчесто, таа помош не доаѓа од стручен тим, туку од најблискиот војник: командант, соборец, пријател.

Во израелската армија овој пристап е познат под името „Magen“, што на хебрејски значи „штит“. Концептот е едноставен: Да се создаде психолошки штит околу војникот во моментот на криза, пред да се повлече траумата длабоко. Наместо изолација и медицинска евакуација, идејата е да се овозможи смирување, поддршка и постепено враќање во функција во рамките на тимот. „Magen“ е заштита што доаѓа од луѓето околу нас, не од протоколи, туку од човечност.

Основата на овој модел лежи во четири едноставни принципи наречени четирите „С“:

- Calm - смири ја ситуацијата.
- Connect - поврзи го човекот со околината и со тимот.
- Confidence - потсети го на неговата сила и улога.
- Control - помогни му повторно да почувствува дека има насока и влијание.

Овие чекори не бараат обука, туку бараат свесност, емпатија и самоконтрола.

Во мигови на шок, тишината тежи. Луѓето понекогаш не знаат што да кажат, па молчат. Но, присуството значи да си таму, да не се повлечеш, да не одглумиш незаинтересираност, тоа веќе е почеток на помош. Не е потребно некој да зборува, ниту „да се отвори“. Понекогаш доволно е да му подадеш шише вода, да седнеш до него без збор, или да кажеш: „Ќе средиме. Сè уште си со нас.“

Во вакви ситуации честопати командантот е оној што ја дава првата поддршка. Но, исто толку важни се и колегите. Војничкото другарство е посебна врска:Оној којшто спиел, јадел и одел на задача со тебе, е најблискиот којшто може да ја забележи промената. Може да препознае кога некој е „вкочанет“, кога гледа „во празно“, кога не зборува или, пак, кога премногу зборува. И секој може да понуди нешто едноставно: краток контакт, допир на рамо, тивка поддршка. Не мора да бидеш стручно обучен. Треба само да бидеш човек.

Понекогаш, доволно е само тивко присуство. Доколку некој член на тимот доживее стресен настан, не е потребно веднаш да зборува, ниту да биде „вратен во функција“. Тоа што најмногу помага во тие моменти е некој да му даде до знаење дека не е сам, без да го притиска, без да поставува прашања, без да нуди готови решенија. Самото тоа што некој останува покрај него, нуди вода или седнува блиску до него без збор, веќе е чин на прва психолошка поддршка. Тоа не е терапија, тоа е човечка реакција. А, токму тие мали, тивки гестови, се почеток на процесот на закрепнување.

Важно е да се нагласи дека во такви моменти не треба да се изговараат фрази како: „Смири се“, „Треба да бидеш силен“, „Тоа е тоа“ и слично. Тоа звучи далечно, формално, дури и навредливо. Подобро е да се постави прашање: „Што ти треба сега?“ или „Дали можам нешто да направам?“ Ако нема одговор, и тоа е во ред. Во вакви моменти, поважна е тишината со некого, отколку зборови што немаат тежина.

Командниот кадар има особена одговорност. Кога ситуацијата е тешка, сите гледаат во командантот. Не за да ги „спаси“, туку за да ги стабилизира. Ако командантот остане присебен, покажува разбирање и не поттикнува паника, ќе го пренесе тоа на целата единица. Но, исто така, ако колегите во тимот знаат како да се однесуваат во вакви ситуации, ако знаат дека е во ред да бидеш потресен, но и дека поддршката е дозволена и пожелна, се создава култура на грижа, а не на стигма. После вакви настани се појавуваат различни реакции: тишина, раздразливост, немирен сон, осаменост. Затоа, треба да се знае кога е време да се вклучи и стручен кадар, психолог или медицинска служба. Сепак, најважно е војникот да знае дека тоа е нормално. Барањето помош не е знак на слабост, туку на зрелост.

Исто така, враќањето на рутината има своја улога. Не смее да се брза, но не смее ни да се остави личноста да остане „заробена“ во таа состојба. Малку по малку, со разбирање, со доверба и со прифаќање, се гради чекор по чекор враќање во нормала. Војничката средина е специфична, со свои правила и вредности. Но, токму таму е најважно да се негува култура на грижа. Првата психолошка помош не бара специјалист, туку бара војник кој ќе препознае кога некој се измачува и ќе му понуди поддршка, барем додека не дојде вистинската стручна помош. Затоа, токму оваа прва линија на поддршка,без разлика дали е командант, колега од тимот или медицинар,прави разлика меѓу колектив што ќе застане и тим што ќе најде сила да продолжи понатаму.

Секоја единица има свој ритам и свој карактер. Но, без поддршка тој ритам се губи. Поддршката не е слабост, туку сила што го држи тимот на нозе кога е најтешко. Во тие моменти, не зборовите, туку ставот и присуството зборуваат најмногу. Тогаш се гради вистинската доверба, онаа што не се учи од книга или на курс, туку се освојува на терен.

Секој ден не е тежок. Но, кога ќе дојде тој ден, токму човечноста меѓу нас ја претвора болката во сила. Првата психолошка помош не е процедура, туку потсетник дека и под шлемот и под униформата, сите сме луѓе. А, тоа е најцврстиот оклоп што го имаме. ■





# МОРАЛОТ И ПРАВОТО ВО ВОЈНАТА: МОЖЕ ЛИ ВОЈНАТА ДА БИДЕ ПРАВЕДНА?



Пишува: потполковник Милена Чатмова

## Вовед

Воените конфликти се една од најстарите и најтрагичните појави во историјата на човештвото. Од дамнина па до денес луѓето војуваат поради територии, ресурси, религија или политичка моќ. Но, покрај суровата реалност на војната, постојано се поставува едно исто прашање: Може ли војната да биде оправдана, па дури и праведна? Во оваа статија ќе го разгледаме односот помеѓу моралот и правото во војната, како и можноста да се говори за праведна војна во современиот свет.

## Историски развој на концептот за праведна војна

Идејата за праведна војна има корени уште од античко време.. Римјаните го користеле терминот „bellum iustum" за да означат војни кои имале законска и морална основа. Во средниот век, Августин и Тома Аквински развиле теорија за праведна војна која подразбирала дека војната може да биде оправдана само ако исполнува одредени критериуми: легитимна власт, праведна причина и исправна намера.

Подоцна, во времето на просветителството и модерниот период, теоретичарите како Хуго Гроциус и Иммануел Кант придонеле за формирање на меѓународното право и поставиле темели за ограничување на воената сила. Меѓутоа, секогаш останувала тензијата меѓу реалноста на војната и моралните норми.

## Правото на војување и правото во војна

Военото право денес е регулирано преку два основни аспекти: „jus ad bellum" (право на војување) и „jus in bello" (правото во војна). „Jus ad bellum"



се однесува на условите под кои државата има право да започне војна, на пример, во случај на самоодбрана. „Jus in bello“, пак, се однесува на правилата за водење војна, односно како да се ограничи насилството и да се заштитат цивилите и воените заробеници.

Женевските конвенции, како и Хашките правила, претставуваат меѓународни договори кои имаат цел да ја хуманизираат војната. Тие не ја прават војната „добра“, но барем настојуваат да ја направат помалку брутална и поусогласена со моралните вредности.

## Морални аргументи „за“ и „против“ војната

Поддржувачите на концептот за праведна војна сметаат дека понекогаш е неизбежно да се прибегне кон воена сила за да се спречи поголемо зло. На пример, ако една држава е нападната, моралот дозволува да се брани. Ако се вршат масовни злосторства против човештвото, интервенцијата може да се смета за морална должност. Во такви случаи, правото и моралот се усогласени.

Од друга страна, постојат и силни аргументи против идејата за праведна војна. Пацифистите тврдат дека секоја војна е пораз на човечките вредности и дека никогаш не може да биде оправдана. Дури и ако постојат легитимни причини, војната секогаш предизвикува страдања, цивилни жртви и уништување. Моралниот парадокс се појавува кога во име на правдата се прават нови неправди.

## Современи примери и дилеми

Современата историја нуди бројни примери каде концептот за праведна војна бил ставен на тест. Интервенциите на НАТО во Косово (1999 г.) и во Либија (2011 г.), беа оправдувани со аргументот за заштита на цивили и спречување на масакри. Сепак, критичарите укажуваат дека зад моралните аргументи често се кријат геополитички интереси.

Војната во Ирак (2003) е еден од најконтроверзните примери. Иако официјално беше оправдувана со потребата да се елиминираат оружја за масовно уништување, такви оружја не беа пронајдени. Тоа отвори прашања за легитимноста и моралноста на интервенцијата. Војната во Украина денес повторно го отвора прашањето за моралните граници на војувањето и за тоа како меѓународното право може да реагира на агресија.

## Морал и право – судир или усогласување?

Еден од најголемите предизвици е фактот што правото и моралот секогаш не одат рака под рака. Може да постојат ситуации каде што нешто е легално, но не е морално – и обратно. На пример, држава може да поведе војна во согласност со сопствените закони, но таа да биде осудена од меѓународната заедница како неморална. Истовремено, моралната потреба за интервенција може да не биде целосно покриена со меѓународното право.




## Заклучок

Прашањето дали војната може да биде праведна нема едноставен одговор. Концептот на праведна војна се обидува да внесе морални и правни рамки во нешто што по својата природа е хаотично и деструктивно. Но, и покрај тоа, секој конфликт носи страдање и уништување кое тешко може да се оправда.

Можеби вистинскиот заклучок е дека наместо да се прашуваме кога војната е праведна, треба да се прашуваме како да изградиме механизми што ќе спречат да се дојде до војна. Моралот и правото треба да бидат партнери не само за да се регулира војната, туку и за да се создадат услови за траен мир. Само така човештвото може да излезе од маѓепсаниот круг на насилство и страдање. ■



# ИМУНИЗАЦИЈА НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ОД ПОТИНЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ ОД БОЛЕСТИ

Пишува: Станка Петкова

Воениот ангажман и учество во конфликтни ситуации носат голем ризик од различни здравствени опасности и заразни болести. За да се обезбеди максимална способност и отпорност на војниците, една од најважните мерки е правилната подготовка преку вакцинација.

Превентивната заштита со соодветни вакцини, не само што ја штити нивната лична здравствена состојба, туку ги зајакнува и нивните капацитети да ги издржат сите напори во екстремни услови и да избегнат заболувања кои можат да претставуваат сериозен ризик за тимот и за мисијата воопшто.

Бидејќи војниците патуваат во различни региони што можат да бидат изложени на различни патогени, нивната имунизација треба да биде сеопфатна и се ажурира пред одредената операција.

## Дополнителни препораки и предупредувања

**План за вакцинирање:**

Пред отпочнување на мисијата, треба да се направи преглед да се провери статусот на вакцинација и дополнително да се спроведе вакцинација кога тоа е потребно да се направи.

**Реакции и интервенции:** Војниците треба да бидат информирани за можните реакции после примање на вакцините и да ги следат инструкциите на лекарите.

**Редовни зајакнувања:** Во некои случаи, важно е да се извршуваат дополнителни зајакнувања за да се одржи нивото на имунитетот.

Имено, превентивната вакцинација е најдобриот начин за заштита од болести како вариола, грип, менингитис, жолта треска и други опасни заболувања, што во најголем

случај можат да имаат сериозни последици по здравјето на целокупната мисија.

Војската спроведува сеопфатна програма за имунизација која е дизајнирана да ги заштити вооружените сили од потенцијални ризици од болести. За секој воен регрут е потребен стандарден сет на вакцини; овој сет варира, во зависност од родот на службата.

Дополнително, кога војниците се распоредени на специфични работни места, им се даваат вакцини кои се наменети за нивна заштита од ризиците што се наоѓаат во нивната доделена географска локација или кои се специфично поврзани со нивната задача.

За време на Заливската војна беа испратени голем број различни имунобиолошки лекови (на пр. вакцини против колера, менингитис, беснило, тетанус и тифус) за заштита од потенцијална изложеност на биолошки закани.

Загриженоста пред Заливската војна во врска со офанзивните капацитети за биолошко војување на Ирак, доведе до одлуки дека достапните вакцини треба да се користат како превентивни мерки против агенси за биолошко војување.

Тоа е кога група или влада користи биолошки агенс за да го направи својот непријател премногу болен за да се бори. Во колонијална Америка, британската влада користела ќебиња контаминирани со сипаници за да се обиде да ги уништи заедниците на Индијанците со болеста (Домородните Американци во тоа време никогаш не биле изложени на сипаници, па болеста би се проширила како шумски пожар низ нивните заедници). Во 1980-тите години, членовите на еден култ во Орегон ширеле салмонела во различни ресторани, во обид да ги разболат градските службеници. Нивната цел била да ги спречат тие службеници да дејствуваат против интересите на култот.

Низ историјата, војната и болестите се натпреварувале да повредат и да убијат што е можно повеќе луѓе. Иако сè уште треба да се завршат некои работи во спречувањето и справувањето со ефектите од војната и болестите, имаме некои многу безбедни и ефикасни вакцини против болести како што се малите сипаници.

Целосна и правилна имунизација е клучен дел од подготовката на војниците пред одржување на воени операции и мисии. Таа, не само што ја зајакнува нивната индивидуална заштита од опасни заразни болести, туку обезбедува и целосна оперативна подготвеност и одржливост на тимот.

Во услови на отстапување на стандардите на живеалиштата и изложеност на различни здравствени ризици, навремената вакцинација претставува најважна превентивна мерка за намалување на ризиците од сериозни потенцијално фатални болести. Затоа, здравствената подготовка преку вакцинација треба да биде приоритет во секој воен план, за да се осигура безбедна, ефикасна и успешна реализација на мисијата и заштита на здравјето на секој војник.

Во суштина, вакцините за војниците не се само лична заштита, туку и стратегиска мерка која ја штити целата заедница и ја одржува функционалноста на силите за одбрана. Тие се најдобриот начин да се спречат епидемии, да се мобилизираат, да се заштитат кадрите и да се обезбеди тие да бидат способност за извршување на нивните одговорности без здравствени пречки. Затоа, инвестицијата во вакцинација е инвестиција во однапред подготвени, сигурни и силни вооружени сили што можат да реагираат со брзина и ефикасност во секој предизвик.

Од друга страна, сè уште немаме вакцина против војна. Сепак, науката, технологијата и човечката волја можат и мора да се здружат за да ги намалат ефектите од војната. ■








## Трето регионално воено првенство во планинско трчање

# Ранчиќ шести, АРМ петта во регионот

Пишува: Борче Лозановски

Македонската армиска атлетска репрезентација минатиот месец имаше нов забележителен настап на меѓународната спортска сцена. Имено, нашата армија беше дел од Третото регионално воено првенство во планинско трчање, кое  се одржа во Врдник, Р. Србија, од 8 до 10 октомври.

Таму настапивме со шест натпреварувачи (4 во машка и 2 во женска конкуренција), а најдобар резултат постигна Милош Ранчиќ. Тој освои солидно шесто место (меѓу 23 тркачи), откако патеката во должина од 7.700 метри со вкупна елевација од 266 метри, ја истрча за 29 минути и 25 секунди. Ранчиќ имаше заостанување од само една минута и 40 секунди во





однос на победникот Мурат Емектар од Турција.

Од останатите машки репрезентативци, Алберт Абази низ целта мина како 15-ти (со време 34,24 минути), Трајче Илијевски беше 17-ти (35,10 минути), а Игор Јакимовски 20-ти (37,37 минути).

Во екипен пласман, машкиот состав на АРМ го освои петтото место меѓу 8 армии (Турција, Романија, Србија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Словенија и Црна Гора).

Кога се во прашање дамите, во Врдник настапија 14 атлетичарки од 6 земји (Романија, Бугарија, Црна Гора, Србија, Босна и Херцеговина и Македонија). Тие трчаа на патека долга 5.200 метри, со вкупна елевација од  178 метри, а прва низ целта мина Бугарката Мелиса Мирчева. Од нашите натпреварувачки, Дијана Лапевска го освои 10-тото место (со време од 31,27 минути), а Јована Софрониоска заврши како 14-та (36,04 минути).

Имајќи ја предвид квалитетната конкуренција, во која има и професионални спортисти, пласманите и постигнатите резултати на нашите претставници се оценуваат како позитивни, а целокупниот настап како достојно презентирање на македонската армија и на Министерството за одбрана на меѓународната спортска сцена. ■













# „Војна: Игра на живот и смрт“

„Војна“ (Warfare) е возбудлив филмски трилер кој ја враќа публиката на бојното поле со динамични сцени, напнати ситуации и разбирање за современата војна.

Ова е воен филм од 2025 година, напишан и режиран од Реј Мендоза и Алекс Гарланд, базиран на искуствата на Мендоза за време на војната во Ирак на американските морнарички „Фоки“. Сценариото произлегува од сведоштвата на членовите на водот и е претставено во реално време. Филмот е посветен на членот на водот, Елиот Милер (портретиран од Џарвис во филмот), кој ја изгубил ногата и способноста да зборува во инцидентот.

Со актерската најава на Реј Мендоза како непобедлив борец и Алекс Гарланд како визионерски стратешки гениј, филмот ги отвора портите на светот каде што технологијата и насилството се неразделни.

Во 2006 година, за време на битката кај Рамади, водот „Алфа еден“ од морнаричките SEAL ја презема контролата врз локална двокатна куќа под закрила на темнината. Офицерот за комуникации на JTAC, Реј Мендоза, ја координира воздушната поддршка за да ја следи нивната позиција, додека снајперистот и лекар Елиот Милер го следи пазарот по улицата со колегата, снајперистот Френк. Тие обезбедуваат надзор и поддршка на операцијата на американската морнарица. Прикажаната се одвива во време кога конфликтите се посложени од кога било, а напредната технологија станува клучен елемент во војната. Група борци се борат да ја спасат иднината, заедно со „темните сили“ што сакаат да ја контролираат. Во светот каде што границите меѓу доброто и злото се заматени, главните ликови мораат да ги соочат несогледливите опасности и моралните дилеми. „Војна“ е филм што ќе ве држи во неизвесност од почеток до крај, нудејќи акција, интелектуални предизвици и зачудувачки сценарија. Храброста на главните херои ја покажуваат најтемната страна на човечката природа, но и нејзината способност да се бори и да се надева. Филмот завршува со посвета : За Елиот.

Пред да се појави крајната шпица, прикажани се вистинските членови на тимот „SEAL 5“, кои биле вклучени во мисијата – како учествуваат во продукцијата на филмот и се прикажани заматени слики од остатокот од тимот, како и семејствата во домот и преведувачите. ■

**Режија: Реј Мендоза, Алекс Гарланд, Сценарио: Реј Мендоза, Алекс Гарланд, Продуценти: Ендру Мекдоналд, Алон Рајх, Метју Пенри-Дејви, Питер Рајс, Во главните улоги: Д'Фарао Вун-А-Таи, Вил Поултер, Космо Џарвис, Синематографија: Дејвид Џ. Томпсон, Продуцентска компанија: „DNA Films“, Датум на премиерата: 2025 година Времетраење: 95 минути, Земји: Обединето Кралство, САД, Јазик: Англиски, Буџет: 20 милиони долари**

Пишува: Станка Петкова



Педро Леон Максимиано Марија Суберказо Еразуриз е познат чилеански сликар роден на 10 декември 1880 година , син на сликарот и дипломат Рамон Виберкасе. Својата ликовна наобразба ја стекнал во Европа, и тоа на престижните академии во Берлин, во Рим и во Париз. Педро е единствениот јужноамерикански сликар кому му било побарано да го наслика портретот на папата Пиус X за Галеријата на папите во Ватикан. Во 1920 година, брачната двојка Суберказо – Лион добила папски указ, што им овозможило да го раскинат бракот. Последователно, двајцата сопружници се повлекле од јавниот живот и одделно заминале во европските манастири, каде што го започнале својот верски живот. Во 1927 година Педро бил ракоположен за бенедиктински свештеник. Починал во 1956 година. ■





Пишува: м-р Трајче Чатмов

**ПЕТАР ЧАУЛЕВ –** портрет (1903-1907), македонски револуционер. Бил војвода и раководител на Охридскиот револуционерен комитет на Македонската револуционерна организација. Учесник во Илинденското востание. Учествувал во Балканските војни како и во Тиквешкото и во Охридско-дебарското востание. Бил член на ЦК на ВМРО.



Од приватната архива на Душко Апостолоски и Диме Ратајкоски.